СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА С

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101 13-602-32 за огласи 101 13-602-31

Сабота, 24 јули 1965

БЕЛГРАД

БРОЈ 33 ГОД. XXI

Цена на овој број е 150.— дин. — Претплата за 1965 годишна износува 3.500.— дин. а за странство 3.500 — динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50 932, 50-933 и 51-661. Служба за претплата 51-732 и Правна служба 51-671

559.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАРИТЕТОТ НА ДИНАРОТ

Се прогласува Законот за паритетот на динарот, што го усвои Сојузната скупштина на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година.

П. Р. бр. 350
24. јули 1965 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ПАРИТЕТОТ НА ДИНАРОТ

Член 1

Паритетот на динарот се утврдува врз база на 0,7109368 милиграми чисто злато за 1 динар односно 1,406.594,79 динари за 1 килограм чисто злато.

Врз основа на паритетот од ставот 1 на овој член и курсевите утврдени според тој паритет, ќе се вршат сите пресметувања и плаќања со странство по стоковен и нестоковен основ.

Член 2

Курсевите на странски валути ги утврдува Народната банка на Југославија врз основа на паритетот на динарот од членот 1 на овој закон.

Член 3

Позитивните и негативните курсни разлики што ќе настанат со примена на паритетот на динарот според овој закон, ќе се пресметаат според посебни прописи што ги донесува Сојузниот извршен совет.

На обврзниците за уплата на позитивните курсни разлики можат за плаќање на овие разлики да им се одобрат бескаматни кредити.

На корисниците на негативни курсни разлики можат да им се намалат одобрените кредити за обртни средства во височина на пресметани курсни разлики.

Поблиски услови за давање кредити според ставот 2 на овој член и за начинот на намалување на кредитите според ставот 3 од овој член ќе пропише Сојузниот извршен совет.

Разликата во интересот што ќе настане поради давање бескаматни кредити според ставот 2 од овој член, ќе им се исплати на давателите на кредитите на товар на приходот на федерацијата од интересот што ќе го оствари Народната банка на Југославија.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат: Решението за утврдување паритетот на динарот („Службен лист на ФНРЈ" бр. 58/51), Одлуката за утврдување на пресметковниот курс за плаќања и наплати во прометот со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/61), како и одредбите од други прописи што се во спротивност со овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила на 26 јули 1965 година.

560.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НОВИ БАНКНОТИ И КОВАНИ ПАРИ

Се прогласува Законот за издавање нови банкноти и ковани пари, што го усвои Сојузната скупштина на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година.

П. Р. бр. 349
24. јули 1965 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗДАВАЊЕ НОВИ БАНКНОТИ И КОВАНИ ПАРИ

Член 1

Народната банка на Југославија ќе издаде нови видови банкноти и ковани пари со ознака на вредностите определени со овој закон.

Постојните банкноти и ковани пари што се наоѓаат во оптек на денот на влегувањето во сила на овој закон и понатаму остануваат законско средство за плаќање, покрај новите видови банкноти и ковани пари.

Член 2

Во однос на постојните банкноти и ковани пари, новиот динар вреди сто постојни динари.

Новиот динар се дели на 100 пари.

Член 3

Новите видови банкноти и ковани пари Народната банка на Југославија ќе ги издаде во следните апоени, и тоа: банкнотите — во апоени од 100, 50, 10 и 5 динари, а кованите пари — во апоени од 1 динар и од 50, 20, 10 и 5 пари.

Банкнотите од 50, 10 и 5 динари и кованите пари од 1 динар и 5 пари Народната банка ќе ги издаде и ќе ги пушти во оптек најдоцна до 31 декември 1965 година.

Член 4

Со денот на пуштањето во оптек на новите банкноти и ковани пари, цените на сите производи во продажба на мало и услуги мораат да се означат во нови и во стари динари.

Член 5

Поштенските и таксените марки и други таксени и даночни вредносници, чекови, налози за плаќање и други инструменти на внатрешниот платен промет што ќе бидат во промет на 31 декември 1965 година остануваат и понатаму во важност со тоа што нивната вредност ќе му одговара на еден стоти дел од износот означен на нив.

Член 6

Износите означени во прописи, на обврзници и други хартии од вредност, меници, договори и други исправи и обврски издадени до 31 декември 1965 година ќе се подразбираат така што една стотина стари динари да му одговараат на еден нов динар.

Член 7

Паричните износи на вредносниците и во исправите од чл. 5 и 6 на овој закон, што ќе бидат издадени од 1 јануари 1966 година ќе се означат во нови динари.

Член 8

Банките, работните и други организации општествено-политичките заедници и нивните органи ќе ги пресметаат износите на паричните средства со кои управуваат на нови динари според состојбата на 31 декември 1965 година.

Од 1 јануари 1966 година сите парични примања и издавања ќе се вршат по нови динари.

Член 9

Ако при пресметување стари динари на нови динари се појават износи во распон од 5 пари, ќе се изврши заокружување на тој начин што износ од две пари ќе се занемарува, а износ над две пари ќе се заокружува на пет пари.

Член 10

Сојузниот извршен совет ќе донесе, по потреба, поблиски прописи за примена на чл. 4 до 9 од овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

561.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за измена на Основниот закон за данокот на промет, што го усвои Сојузната скупштина на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година.

П. Р. бр. 337
24 јули 1965 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с р

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Основниот закон за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65 и 29/65) во членот 66 уводната реченица се менува и гласи:

„Стопанска организација или друго правно лице ќе се казни за стопански престап со парична казна од троен до петорен износ на данокот:".

Член 2

Во членот 71 по зборовите: „1965 година" запирката и зборовите: „со тоа што ќе се применува од 1 јануари 1966 година" се бришат.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 август 1965 година.

562.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за сојузниот данок на промет, што го усвои Сојузната скупштина на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година.

П.Р. бр 342
24 јули 1965 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р

ЗАКОН

ЗА СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Сојузниот данок на промет на стоки на мало и сојузниот данок на надоместоци за услуги се плаќаат само на промет на производи што служат за крајна потрошувачка односно на надоместоци за услуги, ако со Тарифата на сојузниот данок на промет (во понатамошниот текст: Тарифата) е предвидена наплата на данокот.

Тарифата е составен дел на овој закон.

Член 2

Како промет на производи што служат за крајна потрошувачка, во смисла на чл. 4, 20 и 21 од Основниот закон за данокот на промет, се смета:

1) секоја продажба преку трговски дуќани и продавници како и продавници на производни и други работни организации;

2) секоја продажба непосредно на потрошувачите, што ја вршат индивидуални занаетчии и други граѓани во рамките на својата стопанска дејност;

3) продажба непосредно на потрошувачите, што ја вршат на големо трговски и други работни организации, како и продажба што ја вршат производителски стопански организации, ако не е во прашање продажба што е наменета на репродукцијата во производителски стопански организации во смисла на чл. 9 и 10 од овој закон;

4) потрошувачка односно употреба на производи подложни на данок, ако се земаат за сопствени потреби;

5) увоз на производи за сопствена потрошувачка што го вршат стопански и други работни организации и граѓани.

Продавање стоки на трговски организации не се смета како промет подложен на данок на промет на стоки на мало ако со овој закон не е определенр поинаку.

Член 3

Како продавач на стоки на мало, во смисла на членот 28 став 1 од Основниот закон за данокот на промет, се смета онаа стопанска и друга работна организација што има својство на правно лице.

За даночен обврзник се сметаат и граѓани и приватни правни лица, што им вршат промет на стоки на мало непосредно на потрошувачи.

Член 4

Даночната основица на сојузниот данок на промет на стоки на мало, во смисла на чл. 29 и 30 од Основниот закон за данокот на промет, ја сочинува:

1) продажната цена на стоките без данокот на промет;

2) продажната цена на стоките без данокот на промет што би се постигнала со продажба на мало на производи дадени без надоместок (подарок), на производи за сопствена потрошувачка односно употреба и на производи продадени по пат на комисиона продажба;

3) вредноста на стоките утврдена според царинските прописи, вклучувајќи ја и царината и царинските давачки што се наплатуваат при увозот;

4) единицата на мера на производ, ако како таква е предвидена со Тарифата.

Член 5

Сојузен данок на промет на стоки на мало, во смисла на членот 39 став 2 точ. 4 и 5 од Основниот закон за данокот на промет, се пресметува и се плаќа само ако е содржан во надоместокот што даночниот обврзник ќе го прими за уништени односно оштетени стоки.

Член 6

Сојузниот данок на промет на стоки на мало и на надоместоци за услуги се пресметува по даночната стопа што важела во моментот на издавање на фактура, односно во моментот на отпрема на стоки ако стоките се отпремени пред издавањето на фактура.

Член 7

Заради упростување на техниката за пресметување и наплатување на данокот на промет на стоки на мало, данокот пресметан на начинот предвиден во членот 30 став 2 на Основниот закон за данокот на промет, може да се изрази со соодветна стопа и да се наплатува од продажната цена во која е содржан.

Член 8

Покрај ослободувањата од членот 16 на Основниот закон за данокот на промет, сојузен данок на промет на стоки на мало не се плаќа:

1) на промет на прехранбени производи, освен оние што се посебно споменати во Тарифата;

2) на промет на книги, брошури, списанија и весници;

3) на промет на таксени и поштенски марки и други вредносници;

4) на промет на електрична енергија;

5) на промет на средства за вооружување и воена опрема на Југословенската народна армија и милицијата;

6) на промет на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен.

Член 9

Данок според овој закон не се плаќа на промет на стоки што за репродукција ги купуваат производителски стопански организации, и тоа под услов тие организации да ги купуваат стоките непосредно од производителот, или од трговска стопанска организација што ги продава на начинот предвиден за вршење промет на големо (од склад или транзитно, при задолжително издавање фактура и по цени пониски од малопродажните).

Одредбата на ставот 1 од овој член важи и за репродукционен материјал што се увезува.

Како производителски организации, во смисла на овој закон, се подразбираат: индустриски, рударски, земјоделски, водостопански, рибарски, шумарски, градежни (подразбирајќи ја и изградбата и одржувањето на водоводни, канализациони и гасни мрежи во населбите), сообраќајни стопански организации и стопански организации на производното занаетчиство Со овие организации се изедначуваат производните погони со самостојна пресметка, кои се наоѓаат во состав на трговски и други работни организации.

Како репродукционен материјал, во смисла на овој закон, се подразбира материјал што се троши во процесот на производството, делови што се вградуваат во финални производи, амбалажа и погонски материјал.

Како репродукционен материјал што го употребуваат стопански организации на градежништвото и градежното занаетчиство се подразбира целокупниот материјал кој се вградува во градежни објекти вклучиво со вградени инсталациони мрежи, освен производите што се вклучуваат на инсталациона мрежа, санитарни уреди, печки, шпорети, бојлери, радијатори, расветлувачки тела, сијалици и сл.

Течни горива и мазива не се сметаат за репродукционен материјал во смисла на овој закон, ако во Тарифата не е определено поинаку.

Член 10

Репродукционен материјал без плаќање данок на промет може да се набави само под услов купувачот при набавка на стоки да изјави изречно во порачката дека купените стоки ќе ги употреби исклучиво за репродукција во смисла на членот 9 од овој закон. Порачката мора да биде нумерирана, датирана и потпишана од одговорни лица. Копијата од порачката се приклучува кон фактурата за купување на неоданочен репродукционен материјал. Заради овозможување внатрешна и надворешна контрола за набавените и потрошените количини за репродукција, купувачот е должен да води посебна евиденција за количината и видот на стоките од фактурата.

На фактурата за продажба на стоки од ставот 1 на овој член мора, врз основа на изјава на купувачот за намената на стоките, да се стави клаузула дека на тие стоки не е платен сојузен данок на промет на стоки на мало.

Ако купувачот репродукциониот материјал набавен без плаќање данок на промет, не го употреби за целите за кои го набавил, тој е должен на тој материјал да плати данок по определена стопа. Против таквиот купувач ќе се поведе постапка за стопански престап од членот 66 на Основниот закон за данокот на промет.

Член 11

Производните и други работни организации не плаќаат данок според овој закон на опрема што ја увезуваат или набавуваат од други производителски и трговски организации на големо, а која спаѓа во нивните основни средства и служи за вршење на нивните основни и споредни дејности.

Како опрема во смисла на овој закон не се сметаат мебел, канцелариски машини (исклучително канцелариски механографски машини од средна и висока механизација), апарати и прибор, специјални средства на погонски и деловен инвентар и друг погонски, деловен и неделовен инвентар (групи 75, 76, 77 и 79 од Номенклатурата на основните средства), како ниту патнички автомобили, моторцикли, скутери, мопеди, велосипеди и трицикли.

Член 12

Како сопствена потрошувачка, во смисла на членот 28 од Основниот закон за данокот на промет, се смета секоја потрошувачка на производи од сопствено производство што не е извршена за целите на репродукцијата, како и потрошувачка на стоки подложни на данок што обврзникот ги набавил заради продажба.

Член 13

Сојузниот данок на промет на стоки на мало наплатен при увоз, како и на промет на производи што Југословенската народна армија ги набавува за свои потреби, се уплатува на посебна сметка на федерацијата. Во наплатениот данок од оваа сметка не учествуваат републиките.

Член 14

Даночните обврзници — стопански и други работни организации поднесуваат барање за враќање на погрешно или повеќе платен данок на промет до Службата на општественото книговодство кај која имаат жиро-сметка

Другите даночни обврзници од членот 41 став 2 од Основниот закон за данокот на промет поднесуваат барање за враќање на погрешно или повеќе платен данок на промет до органот на управата надлежен за финансиите на собранието на општината на чија територија е нивното седиште односно живеалиште

За погрешно или повеќе платен данок на промет при увоз, барањето за враќање ѝ се поднесува на царинарницата што го пресметала и го наплатила данокот.

Кон барањето се прилага доказ за платениот данок.

Член 15

Сојузниот извршен совет ќе го пропише начинот за пресметување на разликата во цената на производите затечени на залихи на денот на влегувањето во сила на овој закон, како и начинот на пресметување и уплатување на разликата на данокот на промет на производи на кои им е намалена или зголемена даночната стопа.

Поблиски прописи за примена на даночните стопи и одредбите на овој закон што се однесуваат на производите од чиј промет не се плаќа данок донесува, по потреба, сојузниот секретар за финансии.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од прописите за данокот на промет што биле во сила на денот на влегувањето во сила на Основниот закон за данокот на промет или се донесени по влегувањето во сила на тој закон, доколку се однесуваат на данок на промет наплатен во корист на федерацијата. Прописите од ставот 1 на овој член што се однесуваат на данок на промет што им припаѓа на општините и републиките остануваат во сила до 31 декември 1965 година.

Стопите на општинскиот данок на промет на стоки на мало и стопите на републичкиот данок на промет на стоки на мало заедно не можат да бидат поголеми од 6% ако со посебен сојузен закон не е определено поинаку.

По исклучок, стопите на општинскиот данок на промет на алкохолни пијачки во трговијата на мало и угостителството можат да се утврдуваат во досегашните граници.

Член 17

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

ТАРИФА НА СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ

А. Производи

Се плаќа:

Тар. бр. 1

На промет на сите производи што служат за крајна потрошувачка, освен на прометот на производи што се посебно предвидени во оваа тарифа или за кои е предвидено даночно ослободување — — — — 12%

Тар. бр. 2

Кафе:

	Динари
1) сурово — — — — — — — —	250
2) пржено и мелено — — — — —	350
3) екстракт од кафе — — — — —	1.500

Забелешка

1. Даночна основица е еден килограм.
2. Данок според овој тар. број се плаќа само при увоз.
3. Платениот данок при увозот на суровото кафе ги ослободува и понатамошните фази на преработка на тоа кафе.

Тар. бр. 3

На промет на алкохолни пијачки, освен на прометот на природно вино и природна ракија — — — — — — — — — 20%

Забелешка

1. Како алкохолна пијачка се подразбираат пивото и сите други алкохолни пијачки што содржат повеќе од 3% vol % алкохол.
2. На природни вина и природна ракија не се плаќа данок на промет според овој тар. број ако виното односно ракијата се сметаат за природни според Основниот закон за виното и другите прописи со кои се регулира нивното производство. Како природна ракија се смета и дестилат од вино (вињак) ако не содржи повеќе од 55 vol % алкохол.
3. На прометот на пенливи специјални вина што покрај природно вино содржат и други материи (шеќер, алкохол, ароматични и др. материи) се плаќа данок според овој тар. број.
4. Данок според овој тар. број се плаќа и на прометот на алкохолни пијачки во угостителството.

Тар. бр. 4

	Се плаќа: Динари
На промет на алкохол (етанол):	
1) за широка потрошувачка, за производство на козметички препарати и за употреба и продажба во аптеките — — —	500
2) за производство на алкохолни пијачки; за употреба во болници и други здравствени, научни установи и лаборатории; за производство на лекови, лекувирање препарати и за производство на есенција и ароми — — — — — —	200
3) за денатуриран алкохол за гориво —	50

Забелешка

1. Даночна основица е 1 хектолитарски степен чист алкохол.
2. Даночен обврзник е производител односно продавач на големо кој ѝ продава алкохол на продавница на мало или на крајните потрошувачи.

3. Не се плаќа данок според овој тар. број на алкохол што се употребува за преработка во други производи (освен во производи споменати во овој тар. број) под условите пропишани во членот 10 на овој закон.

Купувачот е должен во порачката поблиску да ги назначи целите за кои ќе го употреби алкохолот.

4. Набавката на алкохол за намените од точката 2 на овој тар. број по стопите од таа точка се врши под условите пропишани од членот 10 на овој закон.

5. Купувачот е должен да води посебна евиденција за набавка и потрошок на алкохол ослободен од плаќање данок односно набавен за потребите од точката 2 на овој тар. број. Оваа евиденција мора пред употребата да биде заверена од Службата на општественото книговодство надлежна според седиштето на купувачот.

6. Производителите на алкохол и продавачите на алкохол на големо се должни во своето книговодство да обезбедат податоци за продадените количини алкохол со и без плаќање данок.

7. Во случај на ненаменска употреба на алкохол важи одредбата на ставот 3 од членот 10 на овој закон.

Тар. бр. 5

Се плаќа:

На промет на преработки од тутун:

1) колекција цигари, екстра-цигари и режан тутун од сите квалитети — — — 230%

2) цигари од сите видови, тутун за џвакање и бурмут — — — — — — — 60%

3) цигари:

		Се плаќа: Динари
I	квалитета група — — — — —	138
I/II	" " — — — — —	115
II	" " — — — — —	100
IIа	" " — — — — —	90
IIIа	" " — — — — —	87
IIIб	" " — — — — —	75
IV	" " — — — — —	69

Забелешка

1. Даночна основица за производи од точ. 1 и 2 на овој тар. број е продажната цена на производителот односно продавачот на големо, без данокот на промет.

2. Како даночна основица од точката 3 на овој тар. број се смета едно пакување од 20 парчиња. За поголемо или помало пакување данокот се пресметува сразмерно со пакување од 20 парчиња.

3. Даночен обврзник е производителот односно продавачот на големо кој им ги продава тутунските производи на продавниците на мало (на трговијата, угостителството и др.) или на крајните потрошувачи.

Тар. бр. 6

На промет на патнички автомобили во вредност:

1) до 2,300.000 динари — — — — 12%
2) над 2,300.000—3,000.000 динари — — 20%
3) над 3,000.000—4,000.000 динари — — 50%
4) над 4,000.000 динари — — — — 100%

Забелешка

1. Како патнички автомобили од овој тар. број се подразбираат автомобили за превоз на патници со најмногу 9 седишта, вклучувајќи го и седиштето за возачот, кој е дефиниран во JUS M.N0.010 под децимална ознака 1—5 и 2.

Како патнички автомобили од овој тар. број се подразбираат и теренски патнички автомобили. Како теренски патнички автомобили се сметаат патнички автомобили со два или повеќе диференцијали односно со две или повеќе погонски оски.

2. На прометот на резервни делови за патнички автомобили од овој тар. број се плаќа данок по стопа од 12%.

Тар. бр. 7

Динари

На промет на производи на сите видови изработени во целина или делумно од благородни метали и скапоцени камења — — 40%

Забелешка

Данок според овој тар. број не се плаќа на промет на забарски изработки (вештачки заби, забни круници и протези), на промет на производи од платина што служат за потребите на лабораториите и на промет на делови од машини и уреди.

Тар. бр. 8

На промет на лекови — — — — — 10%

Забелешка

1. Даночен обврзник е производителот односно продавачот на големо на лекови на аптеките, здравствените домови и другите крајни потрошувачи.

2. Како лекови во смисла на овој тар. број се сметаат производите од членот 2 точ. 1, 3, 4 и 5 од Законот за прометот на лекови.

3. Не се плаќа данок според овој тар. број на производите наведени во членот 2 точка 2 на Законот за прометот на лекови, како и на редестилирана вода во ампули, на лекови приготвени по рецептура во аптеки и на дијететски препарати.

4. На сите други производи што се продаваат во аптеки а кои не се сметаат за лекови и не се ослободени од плаќање данок според овој тар. број, аптеките се должни да платат данок по стопите определени со оваа тарифа.

Тар. бр. 9

Се плаќа:

На промет на парфимериски и козметички препарати — — — — — — 30%

Забелешка

Данок според овој тар. број не се плаќа на прашок и пасти за заби и сапун. На промет на овие производи се плаќа данок според тар. број 1 од оваа тарифа.

Тар. бр. 10

Динари

На промет на течни горива и мазива:

1)	моторен бензин 76 октани — — —	56
2)	" " 86 октани — — —	61
3)	" " 93 до 96 октани —	65
4)	" " 98 октани — — —	70
5)	петрол за осветление — — — —	81
6)	" за мотори — — — —	27
7)	дизел гориво:	
	$Д_1$ — — — — — — — —	51
	$Д_2$ — — — — — — — —	41
	$Д_3$ — — — — — — — —	32
8)	авионски и моторни масла — —	195
9)	минерални мазиви масти — — —	50
10)	хипоидни и регенерирани масла —	60
11)	други масла за подмачкување —	12%

Забелешка

1. Даночна основица е 1 кг нето тежина, освен за точката 11 од овој тар број.

2. На прометот на други деривати од нафта што не спаѓаат во групата на течни горива и мазива, данокот се плаќа според тар. број 1 на оваа тарифа, ако тие не се употребуваат како репродукционен материјал.

3. Течни горива и мазива спаѓаат под овој тар. број и кога покрај деривати од нафта содржат и други состојки потребни за употреба за определени цели.

4. Не се плаќа данок според овој тар. број на следните производи:

— течни горива што претпријатијата на петрохемиската индустрија ги употребуваат исклучиво како основен материјал за понатамошна преработка;

— авионски бензин и млазно гориво;

— моторен бензин и дизел гориво кога им се продаваат на странски дипломатски претставници, под услов на реципроцитет;

— масла за горење, подразбирајќи ги и маслата за горење во домаќинството;

— природен гас, бутан и пропан гас.

Тар. бр. 11

	Се плаќа: Динари
На промет на кибрити — — — —	7

Забелешка

Даночна основица е кутија кибрит од 50 чкорчиња. Ако кутијата содржи повеќе или помалку од 50 чкорчиња даночната стопа се утврдува сразмерно со бројот на чкорчињата во пакување од 50 чкорчиња.

Тар. бр. 12

На промет на украсни стоки — — — 25%

Забелешка

1. Како украсни стоки (накит) се подразбираат производи од разен материјал (метали, пластични материјали, морска пена, калибар, стакло и др.) што служат за личен украс: пртења, брошеви, брезлетни, обетки, ѓердани, копчиња за манжетни, игли и држачи за кравати, шноли и други украси за коса итн., освен производите изработени од материјалот наведен во тар. број 7 на оваа тарифа.

2. Под овој тар. број спаѓаат и сите производи изработени од сребро, без оглед на намената.

Тар. бр. 13

На карти за играње — — — — — 240%

Тар. бр. 14

На промет на цигарена хартија во книшки — — — — — — — — — 425%

Забелешка

1. Даночен обврзник е производителот односно продавачот на големо што овој производ им го продава на продавачи на мало или на крајните потрошувачи.

2. Цигарена хартија што се продава во пакување со режан тутун подлежи на данок по стопа определена за режан тутун.

	Се плаќа Динари
Тар. бр. 15	
На промет на градежен материјал: бетонски челик, рамно стакло, цемент, режан и делкан градежен материјал, паркет, тула, керамида и покривна лепенка — — —	20%
Тар. бр. 16	
На промет на сол за јадење — — —	10

Забелешка

Даночната основица е еден килограм сол.

Б. Услуги

Тар. бр. 17

На надоместок за вршење надворешнотрговски услуги, (вклучиво и надоместок за увоз на филмови):

1) од работите на извоз земјоделски и прехранбени производи и од работите на извоз на дрва и дрвни сортименти — — 5%

2) од другите работи на извоз и од услуги за квалитативен и квантитативен прием на стоки — — — — — — — 10%

3) од работите на увоз на стоки и други надворешнотрговски услуги — — — — 20%

4) од работите на застапништва — — 20%

Забелешка:

1. Како даночна основица се смета разликата помеѓу набавната и продажната цена, односно друг надоместок што го остварува работната организација во вид на вонредни приходи.

Како даночна основица кај работи на меѓународно трговско посредување, облагородување и сл. кога се вршат во свое име и за своја сметка а под посебни услови на размена со одделни земји и подрачја, се смета износот на позитивните разлики помеѓу набавната и продажната цена намалена за негативната разлика и привремената резервација за таа цел утврдена со одлуката на работничкиот совет на претпријатието. Вишокот на извршените привремени резервации претставува вонреден приход и подлежи на данок според тој основ.

Како набавна цена се подразбира вредноста на стоките во склад на надворешнотрговска организација, односно вредноста на истоварната станица на купувачот ако стоките не се продаваат од склад.

2. Како даночна основица за претпријатија за застапување на странски фирми, претпријатија за унапредување на надворешнотрговската размена и претпријатија за вршење на надворешнотрговски услуги се смета покрај разликата во цените и другите приходи, и наплатената провизија односно другите надоместоци за извршените услуги.

3. Данок според овој тар. број не се плаќа:

— на надоместоци од вршење сервисни служби и давање технички и други услуги во смисла на членот 86 точка 3 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство;

— на надоместоци од туристички работи со странство;

— на приход што деловни здруженија ќе го остварат во вршењето на надворешнотрговски работи за своето членство.

4. Како даночна основица се смета вкупниот износ на применот надоместок.

Тар. бр. 18

Се плаќа:

На надоместоци од вршење промет на стоки на големо во Југославија — — — 10%

Забелешка

1. Како даночна основица се смета разликата помеѓу набавната и продажната цена, применета провизија или друг надоместок во вид на вонредни приходи.

2. Како продажба на стоки на големо се смета прометот остварен со други трговски организации, како и прометот остварен со големи потрошувачи под услов да е извршен од склад или транзитно, по цените пониски од малопродажните и со издавање фактура.

3. На надоместоци од вршење промет на прехранбени производи на големо во Југославија не се плаќа данок на промет според овој тар. број.

Тар. бр. 19

На надоместоци за вршење банкарски услуги — — — — — — — — — 10%

Забелешка

Даночна основица сочинува бруто примање од интереси, провизии и други надоместоци за банкарски услуги, по одбивање на пасивните интереси.

Тар. бр. 20

На менични заеми, и тоа:

Износ на меничниот заем			Динари	Се плаќа Динари
			10.000	20
над	10.000	до	15.000	30
над	15.000	до	20.000	40
над	20.000	до	30.000	50
над	30.000	до	50.000	75
над	50.000	до	75.000	110
над	75.000	до	100.000	150
над	100.000	до	150.000	200
над	150.000	до	200.000	300
над	200.000	до	300.000	400
над	300.000	до	500.000	600
над	500.000	до	750.000	1000
над	750.000	до	1,000.000	1500
над	1,000.000	до	1,500.000	2000
над	1,500 000	до	2,500.000	3000
на секои понатамошни започнати 10.000 динари				20

Забелешка

1. На меници што гласат во странска валута, данокот се плаќа на износот на меничниот заем во динари, по единствениот курс во моментот на настанувањето на даночната обврска.

2. На меници издадени во странство а плативи во Југославија по кои е веќе платен данок односно такса според странски прописи, се плаќа данок во износ од 1 000 динари на меничниот износ. Ако на овие меници не е платен данок односно такса според странски прописи, ќе се плати данокот според овој тар. број.

Ако мениците од ст. 1 и 2 на оваа забелешка се наоѓаат кај банка на која и да е основ, а по нив ако веќе не е платен данок, данокот ќе го плати банката, а за износот на платениот данок ќе го задолжи даночниот обврзник.

3. На меници издадени во странство, а плативи во странство или во Југославија, ќе се плати данок според овој тар. број ако по нив се бара интервенција на наши органи, без оглед дали на таквите меници е веќе платен данок или такса според странски прописи, па и во случаите споменати во ставот 1 на забелешката 4.

4. За меници издадени во Југославија, данокот се плаќа исклучиво со употреба на пропишан меничен бланкет од официјално издание, и тоа во моментот на издавањето на меницата.

За сума над 2,000.000 динари треба претходно да се доплати данок на вишокот над 2,000.000 динари кај филијалата на Народната банка на Југославија која доплатата на данокот ќе ја потврди на меничниот бланкет пропишан за сума од 2,000.000 динари и на него ќе ја означи новата менична вредност за која меничниот бланкет важи по доплата на данокот.

За меници што се издаваат во Југославија врз основа на меѓудржавни кредитни спогодби и кредитни спогодби на југословенски претпријатија со странски финансиски групи, не е задолжителна употреба на пропишан меничен бланкет, та меницата може да биде исполнета и на странски јазик. Во тој случај данокот според овој тар. број мора да го наплати овластената домашна банка најдоцна при откупот на меницата.

5. Во поглед изработката, продажбата и замената на меничните бланкети согласно важат прописите за изработката, продажбата и замената на таксени марки.

6. Данок според овој тар. број не се плаќа на менични заеми на државни органи и установи и на менични заеми дадени за подигање станбени згради на работниците и службениците.

563.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКО-ПЛАНСКИТЕ МЕРКИ ВО 1965 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година, што го усвои Сојузната скупштина на заед-

ничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година.

П. Р. бр. 348
24 јули 1965 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНСКО-ПЛАНСКИТЕ МЕРКИ ВО 1965 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65 и 29/65) во членот 5 став 1 точката 4 се менува и гласи:

„4) за пренос на кредитните фондови на банките до вкупниот износ од 127.900 милиони динари, од што на Југословенската инвестициона банка — износот од 76.200 милиони динари, на Југословенската земјоделска банка — износот од 31.000 милиони динари, на Југословенската банка за надворешна трговија — износот од 19.200 милиони динари и на Народната банка на Југославија — износот од 1.500 милиони динари."

Точката 5 се брише.

Член 2

Во членот 9 став 1 точката II по зборовите: „Југословенската земјоделска банка" се додаваат зборовите: „односно банката што ќе ја определи републиката".

Член 3

Називот на одделот 4 и членот 13. се бришат.

Член 4

Членот 25а од овој закон престанува да важи од 1 август 1965 година.

Член 5

Во членот 25б ставот 1 се менува и гласи:

„Средствата на дополнителното издвојување во резервниот фонд што се извршени според одредбите на укинатиот член 25а на овој закон од приходите остварени во периодот од 31 март до 31 јули 1965 година не можат да се користат во 1965 година, ако со овој закон не е определено поинаку."

Член 6

Во членот 26 став 2 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „со тоа распределбата на корисниците да се изврши во сразмера со износите што се утврдени во тој став за основните средствата."

Член 7

По членот 26 се додава нов член 26а кој гласи:

„Инвеститорите од стопански недоволно развиените републики и краишта определени во Законот за републиките и покраините чиј стопански развој ќе се кредитира од средствата на фондот на федерацијата за кредитирање на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65) во 1965 година нема да пресметуваат и полагаат гарантен износ на инвестиционите вложувања во чие кредитирање учествува Југословенската инвестициона банка или Југословенската земјоделска банка со средствата на своите кредитни фондови односно со средствата што им ги обезбедува федерацијата."

Член 8

По називот на главата: „V. Мерки на кредитната политика" се додава нов член 38а, кој гласи:

„Во согласност со барањата на стабилноста на стопанството, деловните банки ќе даваат краткорочни кредити предвидени во чл. 39 и 40 на овој закон во обем кој е неопходен за несмеќавано вршење на процесот на производството и прометот.

Со примена на соодветни методи при давање кредити, банките ќе настојуваат да се развиваат со стопанството односи во согласност со измените во стопанскиот систем.

Со давање кредити банките ќе поттикнуваат рентабилни и ефикасни вложувања а посебно производството на стоки за извоз и стоки за кои постои зголемена барачка на домашниот пазар."

Член 9

Во членот 42 ставот 3 се менува и гласи:

„По исклучок, деловните банки можат, за стока што се увезува под посебни услови, да даваат и кредити за увоз. Поблиските услови за давање на овие кредити ги определува Народната банка на Југославија, во согласност со сојузниот секретар за финансии и со сојузниот секретар за надворешна трговија."

Член 10

Во членот 48 ставот 2 се менува и гласи:

„Народната банка на Југославија може, во смисла на членот 56 од овој закон, како услов за кредитната способност на стопанските организации, помеѓу другото, да определи тие да бидат должни:

1) определен минимум обртни средства од својот деловен фонд да не преливаат во основни средства и други видови финална потрошувачка;

2) во согласност со зголемувањето на обемот на своето работење, да ги зголемуваат и соодветните извори за финансирање на неопходните трајни вложувања во обртни средства;

3) за износот на зголемувањето на доходот остварен поради промени во цените да го зголемат постојниот минимум обртни средства во деловниот фонд."

Член 11

Во членот 49 ставот 2 се брише.

Член 12

Во членот 50 ставот 3 се менува и гласи:

„Одредбите на ст. 1 и 2 од овој член нема да се применуваат:

1) на орочените средства од средствата на задолжителниот дел на резервниот фонд на стопанските организации и од средствата на заедничките резерви на стопанските организации;

2) на средствата на кредитните фондови и на други средства на специјализираните банки;

3) на средствата добиени од општествено-политичките заедници за определени намени, а без обврска за враќање;

4) на средствата на деловните банки што се даваат за учество во финансирање на инвестиции или за гарантни износи, односно за покривање на зголемени трошоци на инвестиционата изградба што ги надминуваат трошоците предвидени во инвестиционата програма — по кредитите одобрени во поранешните години од општиот инвестиционен фонд, а во 1964, 1965 и 1966 година од средствата на кредитните фондсви и други средства на специјализираните банки."

Член 13

Во членот 56 наместо ставот 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Народната банка на Југославија може, во согласност со Сојузниот извршен совет, да го определи начинот на утврдување на височината на кредитот од ставот 1 на овој член и задолжителното учество на корисникот на кредитот односно деловната банка во тие кредити.

Народната банка на Југославија може да определи начинот на утврдувањето на кредитната способност на барателот на кредитот и да ја пропише потребната документација и начинот на водењето на евиденција за кредитите предвидени со овој закон "

Член 14

По членот 56 се додава нов член 56а, кој гласи:

„Член 56а

Средствата од членот 18 од Законот за Народната банка на Југославија, што ќе ги прибави со издавање обврзници и други банкарски методи, Народната банка на Југославија може да ги кредитира деловните банки само заради давање кредити за инвестиции што имаат непосредно влијание на стабилноста на стопанството."

Член 15

По членот 61 се додаваат три нови члена, кои гласат:

„Член 61а

Деловните банки и другите корисници на општествен имот можат да даваат кредити односно да ги користат средствата што можат според важечките прописи да ги употребат за инвестиции, за изградба на нови инвестициони објекти и за реконструкција на постојните само откако ќе ги подмират своите обврски настанати по основот на зголемување трошоците на инвестиционата изградба на објектите во чие финансирање веќе учествуваат.

Член 61б

Деловните банки во чии кредитни фондови се пренесени средствата на републичките општествени инвестициони фондови односно на општествените инвестициони фондови на автономните покраини се должни од средствата на своите кредитни фондови првенствено да ги подмират обврските настанати по основот на учество на републиката односно автономната покраина во трошоците на изградбата на оние инвестициони објекти во чие финансирање учествуваат Југословенската инвестициона банка и Југословенската земјоделска банка.

Ако деловната банка нема доволно расположиви средства во својот кредитен фонд за подмирување на обврските според ставот 1, таа може да одлучи да го одложи извршувањето на своите обврски по договорите за кредити за инвестиции, што не спаѓаат во инвестициите од ставот 1 на овој член.

Деловната банка ќе постапи според одредбите на ставот 2 од овој член и кога се во прашање кредити дадени од средствата на фондот на федерацијата за развој на стопански недоволно развиените републики и краишта.

Деловната банка е должна на инвеститорите на кои ќе им го запре давањето на кредите според ставот 2 на овој член, да им даде кредит за извршување на најнужните работи за конзервирање на објекти ако за тие работи немаат доволно средства.

Член 61в

Инвеститорите на кои деловната банка им го запрела давањето на кредити според членот 61б став 3. на овој закон се должни да почнат да го отплатуваат искористениот дел на кредитот по завршетокот на изградбата на инвестициониот објект."

Член 16

По членот 63а се додава назив на нова глава и еден нов член, кои гласат:

„VIб. Мерки во областа на железничкиот сообраќај.

Член 63б

По исклучок од одредбата на членот 3 став 1, членот 4г став 2 и членот 77е од Законот за организацијата на Југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/63, 17/64 и 16/65), и членот 4 став 3 од Законот за превозот на железниците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/56 и 48/59 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65), Заедницата на Југословенските железници може во 1965 година да ги менува постојните единствени цени на превозот на патници и стоки на пругите на Југословенските железници, во согласност со Сојузниот завод за цени, и да определи тие цени да се применуваат од наредниот ден од денот на нивното објавување од страна на Заедницата на Југословенските железници."

Член 17

Членот 20 став 2, чл. 21, 22 и 23 нема да се применуваат од 1 јули 1965 година.

Член 18

Овој закон влегува во сила на 26 јули 1965. година.

564.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОБЕЛЕЖЈАТА НА НОВИТЕ БАНКНОТИ И КОВАНИ ПАРИ

1. Се овластува Народната банка на Југославија да издаде нови банкноти во апоени од 50, 10 и 5 динари, како и нови ковани пари во апоени од 1 динар и 50, 20, 10 и 5 пари.

2. Банкнотите од точката 1 на оваа одлука ќе бидат идентични со банкнотите од 5.000, 1.000 и 500 динари издадени врз основа на Одлуката за издавање нови банкноти на Народната банка на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 40/55) и Одлуката за измена на определени елементи на банкнотите и кованите пари („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/63), и тоа во поглед на димензиите, боите, хартијата, цртежот, текстот и видот на печатот.

Новите банкноти ќе се разликуваат од старите банкноти од ставот 1 на оваа точка во поглед на ознаката на вредноста, датумот на изданието и потписите, и тоа во следното:

1) што ознаките на вредноста на банкнотите од 5.000, 1.000 и 500 динари ќе се заменат со нови ознаки на вредноста од 50, 10 и 5 динари;

2) што новите банкноти ќе имаат како датум на издавање 1 август 1965 година;

3) што ќе носат потписи на гувернерот др Никола Миљаниќ и вицегувернерот др Боривое Јелиќ.

3. Новите ковани пари во апоени од 1 динар ќе се исковат од легура од никел и бакар која ќе содржи 25% никел и 75% бакар.

Овие пари ќе имаат тежина од 6,3 грама и пречник од 25 mm.

Допуштено е отстапување од тежината на секое одделно парче пари до 5% над или под тежината наведена во ставот 2 на оваа точка.

Изгледот на новите ковани пари од 1 динар ќе биде следниот:

1) од лицето: во средината државен грб, а околу грбот назив „Социјалистичка Федеративна Република Југославија" со мал орнамент помеѓу почетокот и завршетокот на текстот и со низа точкици на работ од лицето;

2) од опачината: цифра: „1", збор: „ДИНАР" и ознака „1965" како година на издавање, сé опкружено со стилизиран венец од маслиново и дабово лисје споено со мал орнамент, со шест петокраки ѕвезнички над цифрата 1 и со низа точкици на работ од опачината;

3) ободот обрабен со рецки.

Текстот на овие пари ќе биде напишан на лицето со кирилица, а на опачината со латиница.

4. Новите ковани пари од 50, 20 и 10 пари ќе бидат идентични со кованите пари од 50, 20 и 10 динари, издадени врз основа на Одлуката за издавање нови ковани пари од 50, 20 и 10 динари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/55) и Одлуката за измена на определени елементи на банкнотите и кованите пари („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/63), и тоа во поглед легурата, тежината, отстапувањето од тежината, димензиите и во поглед на изгледот.

Новите ковани пари ќе се разликуваат од старите ковани пари од ставот 1 на оваа точка, само во поглед на ознаката на вредноста на годината на издавањето, и тоа во следното:

1) што ознаките на вредноста на кованите пари од 50, 20 и 10 динари ќе се заменат со нови ознаки на вредноста од 50, 20 и 10 пари;

2) што како година на издавање ќе носат ознака: „1965".

5. Новите ковани пари во апоен од 5 пари ќе се исковат од легура која ќе содржи 91% бакар и алуминиум.

Овие пари ќе имаат тежина од 2 грама и пречник од 18 mm.

Допуштено е отстапување од тежината на секое одделно парче пари до 5% над или под тежината наведена во ставот 2 од оваа точка.

Изгледот на новите метални пари од 5 пари ќе биде следниот:

1) од лицето: во средината државен грб а околу грбот назив: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија" со мал орнамент помеѓу почетокот и завршетокот на текстот и со низа точкици на работ од лицето;

2) од опачината: цифра: „5", збор: „пара" и ознака „1965" како година на издание, се опкружено со стилизиран венец од маслиново и дабово лисје споено со мал орнамент, со шест петокраки ѕвездички над цифрата „5" и со низа точкици на работ на опачината;

3) ободот обрабен со рецки.

Текстот на овие пари ќе биде напишан на лицето со кирилица а на опачината со латиница.

6. Банкнотите и кованите пари изработени според одредбите на оваа одлука ќе ги пушта Народната банка на Југославија во оптек според одредбата на членот 35 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65).

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

АС бр. 450
24. јули 1965 година
Белград

Сојузна скупштина

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпредседател
и
Претседател на Сојузниот собор,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

Претседател
на Стопанскиот собор,
Осман Карабеговиќ, с. р

565.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 24 јули 1965 година и на седницата на Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД СТОПАНСКИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФЕРОЛЕГУРИ, КАРБИДИ И АБРАЗИВИ

1 Од средствата на стопанските резерви на федерацијата, што се формираат според членот 7 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година, се пренесува во сојузниот буџет за 1965 година износот од 1.500 милиони динари.

Износот од ставот 1 на оваа точка ќе се употреби за давање во 1965 година на регрес на претпријатијата за производство на феролегури, карбиди и абразиви.

2. Услови под кои ќе се дава регресот од точката 1 на оваа одлука ќе ги определи Сојузниот извршен совет

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

АС бр. 465
24 јули 1965 година
Белград

Сојузна скупштина

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател
и
Претседател
на Сојузниот собор,
Мијалко Тодоровиќ, с р

Претседател
на Стопанскиот собор,
Осман Карабеговиќ, с р

566.

Врз основа на членот 64 став 1 точ. 1 и 2 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА НАЧИНОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ И ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ

Член 1

До донесувањето на нови прописи за општествената контрола на цените, а заради спроведување на потребните промени во односите на цените, со оваа уредба се утврдуваат условите и начинот на формирање на цените на определени производи и услуги.

I. Формирање на цените

Член 2

Производителските стопански организации можат да ги зголемат своите продажни цени што постоеле до денот на влегувањето во сила на оваа уредба за следните индустриски производи:

	Најмногу до:
1) јаглен (камен, мрк, лигнит) —	13% во просек
2) металуршки кокс — — — —	35.000 дин/t
3) нафта сурова — — — —	30%
4) нафтени деривати — — —	20% во просек
5) железна руда сидерит — —	41% до 55%
6) сурово железо — — — —	59%
7) старо железо — — — —	35%
8) полуфабрикати (гредички, платини) — — — — — —	44% до 51%
9) валани и влечени производи на црната металургија — — —	36% во просек
10) руда на боксит — — — —	30%
11) концентрат на олово— — —	33%
12) концентрат на цинк — — —	40%
13) бакар електролитен — — —	54%
14) олово рафинирано — — —	32%
15) цинк суров — — — — —	44%
16) алуминиум во блок — — —	45%

Најмногу до:

17) валани, пресувани и влечени производи од бакар и негови легури и бакарни јажиња — 14%
18) валани и пресувани производи од олово — — — — — — — 25%
19) валани производи од цинк — 15%
20) валани, пресувани и влечени производи од алуминиум и алуминиумски челични јажиња 32%
21) рамно стакло — — — — 20%
22) амбалажно стакло — — — 15%
23) огноотпорен материјал — — 40% во просек
24) производи од керамика и порцелан — — — — —— — 7% во просек
25) одливки — — — — — — 10%
26) отковки и отпресоци и друг репродукционен материјал, оков и прибор за градежна столарија, тркалечки лежишта — 5%
27) метална амбалажа — — — 10%
28) метални конструкции — — 5%
29) машини и уреди:
а) котли и турбини — — — 10%
б) мотори со внатрешно согорување — — — — — 8%
в) друго — — — — — — 5%
30) шински возила:
а) локомотиви и шинобуси — 12%
б) патнички, поштенски, службени и специјални патнички вагони — — — — — 10%
в) товарни вагони од сите видови и други средства за железнички сообраќај — 5%
31) трактори — — — — — — 6%
32) камиони — — — — — — 7% во просек
33) емајлирани садови — — — 9%
34) ротациони машини, освен микромоторите — — — — — 10% до 15%
35) производи на кабелската индустрија — — — — — — 15% во просек
36) оловни акумулатори — — — 10%
37) сулфурна и азотна киселина, каустична и калцинирана сода, калциум карбид — — — 5% до 28%
38) вискозни влакна — — — — 16%
39) сапуни и детергенти — — 25% во просек
40) рударски и градежни експлозиви — — — — — — — 20%
41) вештачки ѓубриња:
а) фосфорни — — — — 21%
б) азотни — — — — — 20%
42) цемент — — — — — — 10%
43 азбестно-цементни покривни материјали — — — 7%
44) режана граѓа од ела, смрека и бука — — — — — — 20%
45) дрвни плочи — — — — — 5% до 19%
46) мебел куќен — — — — — 5%
47) дрвесина, целулоза — — — 18% до 31%
48) натрон-хартија за вреќи — 20%
49) средно фина пишувачка и печатарска хартија — — — 3%
50) лепенка — — — — — — 8%
51) предива текстилни — — — 10% до 37%
52) ткаенини текстилни — во рамките на постојното ниво на цените, Сојузниот завод за цени ќе изврши усогласување по групи производи
53) преработена кожа:
а) крупна кожа — — — 24% во просек
— б) ситна кожа — — — — 24% во просек
54) обувки кожени — — — — 8% во просек
55) трупци за режање ела, смрека и бука — — — — — — 43%
56) целулозно дрво од иглолисници — — — — — — 26%
57) шеќер — — — — — — 16%
58) рафинирани масла за јадење 23%
59) технички маснотии од животинско потекло од домашно производство — — — — 50%
60) сточна храна од индустриско потекло од домашно производство — — — — — — 50% во просек
61) ферментиран тутун — — — 15%
62) цигари, освен екстра квалитетната група — — — — 57% во просек

Член 3

Производителските стопански организации се должни да ги намалат своите продажни цени што постоеле до денот на влегувањето во сила на оваа уредба за следните индустриски производи:

Најмалку за:

1) глиница — — — — — — 18%
2) сол за човечка исхрана — 10 дин/kg
3) алат, прибор и справи — — — за износот на укинатиот данок на промет
4) производи на прецизната механика за износот на укинатиот данок на промет
5) синтетски бои и лакови — — — за износот на укинатиот данок на промет
6) преработки од пластични маси — — за износот на укинатиот данок на промет
7) лекови — — — — — — 9%
8) цигарена хартија — — — 35%
9) пнеуматици — — — — — 9%
10) обувки од гума — — — — 10%
11) техничка гума — — — — 10%
12) кибрит — — — за износот на укинатиот данок на промет

Цените намалени во смисла на одредбата на ставот 1 од овој член не можат да се зголемуваат.

Член 4

Производителските стопански организации можат, според условите на пазарот, да формираат свои продажни цени за следните индустриски производи:

1) природен гас;
2) бродови и пловни објекти од сите видови;
3) тула, керамида, вар, чакал, песок, бетонски елементи и други слични градежни материјали;
4) галантерија и други ситни изработки од сите видови, бижутерија, накит, украсни предмети и сл.;
5) козметички производи;
6) кожена и гумена конфекција;
7) свинска кожа, сурова кожа и крзно од дивеч, јарешка кожа и технички изработки од кожа;
8) производи на графичката индустрија, овсен тетратките и амбалажата;
9) изработки од плута;
10) трикотажа;
11) спортски справи, реквизити и играчки;
12) преработки од месо, зеленчук, овошје, риби и млеко;
13) животинска и растителна маст за јадење;
14) какао производи и бонбони;
15) алкохолни и безалкохолни пијачки;
16) кавовина и зачини;
17) тестенини и кекси;
18) цигари од екстра квалитетна група, колекции од екстра цигари, режан тутун, тутун за луле, тутун за џвакање, пури и бурмут.

Член 5

За индустриски производи што не се опфатени со одредбите на чл. 2 до 4 на оваа уредба, произ-

водителските стопански организации не можат да ги зголемуваат своите продажни цени што постоеле до денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 6

Сојузниот завод за цени ќе определи за колку ќе можат производителските стопански организации да ги зголемат односно за колку се должни да ги намалат своите постојни цени за одделни индустриски производи односно групи производи, во рамките на нивото на цените од чл. 2 и 3 на оваа уредба.

Сојузниот завод за цени може да определи формирањето на цените, за одделни производи од чл. 2, 3 и 5 на оваа уредба што се од помало значење за движењето на цените на пазарот, да се врши според условите на пазарот.

Член 7

Стопанските организации што вршат дистрибуција на електрична енергија можат да ги зголемат своите тарифни ставови односно цените по кои им ја пресметуваат електричната енергија на потрошувачите, по постапката предвидена во прописите за општествена контрола на цените.

Член 8

Производителските стопански организации ќе ги формираат цените на новите производи до нивото на цените на слични или сродни производи. Потврда за тоа дека цените на новите производи ги формирале на наведениот начин им издава на производителските стопански организации Сојузниот завод за цени.

Член 9

Трговските и други работни организации што се занимаваат со промет на стоки на големо или со промет на стоки на мало, ги формираат продажните цени за индустриски производи со засметување на постојната стопа на разликата во цената (маржа), доколку со оваа уредба или друг пропис не е предвиден поинаков начин на формирање на цените.

На цените формирани во смисла на одредбата на ставот 1 од овој член, се засметуваат стопите на данокот на промет според важечките прописи.

Член 10

Нивото до кое можат да се формираат малопродажни цени за брашно, леб, шеќер, масло, свежо месо, млеко, јаглен, гас од плинари и огревно дрво, ќе го определи општинското собрание, на предлог од општинскиот завод за цени односно општинскиот орган на управата надлежен за цените.

Маржите во прометот на мало во апсолутен износ по единица производ или во процент од набавната цена за ориз, сол, кафе, зачини, јужно овошје и основни производи на прехранбената индустрија, ќе ги определи општинското собрание.

За зеленчук, овошје и други земјоделски прехранбени производи, освен за производите од ст. 1 и 2 на овој член, општинските собранија можат да определат маржи во промет на мало.

Член 11

Трговските стопански организации, кланиците, земјоделските задруги и други работни организации ќе ги формираат продажните цени на суровата кожа и волна до нивото што е во паритет со цените на соодветните производи од чл. 2 и 3 на оваа уредба. Овие паритети ќе ги утврди Сојузниот завод за цени.

Член 12

Работните организации односно заедниците на работните организации можат, по постапката предвидена со прописите за општествена контрола на цените што ја спроведува Сојузниот завод за цени, да ги зголемат цените за следните услуги:

1) превоз на патници и стоки во железничкиот сообраќај;

2) превоз на патници и стоки во цивилниот воздушен сообраќај и аеродромски услуги;

3) поштенско-телеграфско-телефонски во меѓународниот сообраќај и поштенски за обични писма и поштенски картички во внатрешниот сообраќај.

Член 13

Работните организации можат, по постапката предвидена со прописите за општествена контрола на цените што ја спроведува републичкиот завод за цени, да ги формираат цените за услугите на превоз на патници и стоки во друмскиот, речниот, езерскиот и поморскиот крајбрежен сообраќај, за услугите на лука-претпријатијата односно пристаништата и претпријатијата за лучко-претоварни услуги, како и цените за користење радиодифузни приемници и други уреди наменети за прием на радиодифузни емисии.

Член 14

Работните организации не можат да ги зголемуваат своите цени што на денот на влегувањето во сила на оваа уредба постоеле за поштенско-телеграфско-телефонски услуги во внатрешниот сообраќај, освен за обични писма и поштенски картички.

Член 15

Цените на комуналните услуги и услугите на градскиот сообраќај ги определуваат комуналните работни организации односно стопанските организации на градскиот сообраќај, во согласност со општинското собрание.

Општинското собрание ќе определи за кои занаетчиски услуги ќе ја спроведуваат контролата општинските органи за цени.

Член 16

Цените на другите услуги се формираат според условите на пазарот, ако со посебни прописи не е предвидено нивно поинакво формирање.

II. Пресметување на разликата во цените во трговските и други организации што се занимаваат со промет на стоки

Член 17

Трговските стопански организации и други работни организации што се занимаваат со промет на стоки (во понатамошниот текст: трговските организации) се должни да извршат попис на залихите на стоки, освен овошјето, зеленчукот, лебот, печивото, млекото, свежото месо, живините и јајцата, а според состојбата на 25 јули 1965 година.

Одредбата на ставот 1 од овој член се однесува и на други продавачи на тутун на мало.

Член 18

Пописот на залихите на стоки од членот 17 на оваа уредба трговските организации се должни да го извршат по постојните продажни цени без општинскиот данок на промет на стоки на мало.

Член 19

Ако трговска организација, согласно со одредбите на оваа уредба и прописите донесени врз основа на неа ќе ги зголеми или намали продажните цени на попишаните производи, таа е должна за тие производи да ја утврди разликата помеѓу новата продажна цена без данокот на промет на стоки на мало и постојната продажна цена без општинскиот данок на промет на стоки на мало.

Ако разликата во цената, утврдена на начинот од ставот 1 на овој член биде позитивна, трговската организација е должна да му ја одобри таа разлика на својот деловен фонд. Средствата внесени во деловниот фонд можат да се користат само за трајни обртни средства.

Ако разликата во цената, утврдена на начинот од ставот 1 на овој член биде негативна, трговската организација може таа разлика да ја покрие од средствата на својот резервен фонд.

Член 20

Трговските организации што вршат промет на мало на тутунски преработки и нафтени деривати се должни за попишаните залихи на тие производи на име разлика помеѓу новите и постојните продажни цени да уплатат на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство, и тоа:

1) за цигари за кои за 20 парчиња постојната продажна цена изнесува:

Динари		Динари
а)	130	70
б)	110	60
в)	100	50
г)	90	50
д)	80	50
ѓ)	60	50
е)	55	45

2) за цигари од екстра-квалитет за 20 парчиња — — — — 100

3) за цури од сите видови по парче — — — — — — 3

4) за нафтени деривати по 1 кг:

а) моторен бензин од:

76 октани — — — —	27
86 октани — — — —	25
93—96 октани — — —	33
од 98 октани — — —	40

б) моторен петрол од 30 октани — — — — — 16

в) плинско масло од дизел гориво:

D_1 — — — — — —	30
D_2 — — — — — —	25
D_3 — — — — — —	18

г) моторно масло — — — 92

д) петрол за осветление — 19

Член 21

Трговските организации што вршат промет на големо на тутунски преработки, лекови и нафтени деривати, се должни да извршат попис на залихите на тие производи по набавните цени и да ги пресметаат разликите помеѓу постојните и новите набавни цени.

Негативната разлика во ценатa пресметана според ставот 1 на овој член, се покрива од средствата од посебна сметка кај Службата на општественото книговодство.

Член 22

Пописот на залихите на стоки од членот 17 на оваа уредба ќе го извршат комисиите што ги формираат трговски организации.

Општинското собрание има право да определи свои претставници во комисиите од ставот 1 на овој член.

Во комисиите за попис на залихите на производи од чл. 20 и 21 на оваа уредба општинските собранија задолжително определуваат по еден претставник.

Член 23

Според одредбите на чл. 17 до 19 и 22 став 1 на оваа уредба пописот на залихите на стоки од членот 17 на оваа уредба и пресметувањето на разликата во ценатa на тие залихи ќе изврши и Дирекцијата за суровини и Дирекцијата за исхрана.

III. Пресметување на разликата во цените за определени производи во производителските стопански организации

Член 24

Производителските стопански организации се должни да извршат попис на суровините, материјалите, полупроизводите и готовите производи на залихи, а според состојбата на 25 јули 1965 година

Пописот на суровините, материјалите и материјалите во недовршено производство се врши по набавната цена, а пописот на готовите производи — по постојните продажни цени.

Член 25

Разликата во ценатa помеѓу постојната набавна цена на суровини, материјали на залихи и материјали во недовршено производство и новата набавна цена на тие суровини и материјали производителска стопанска организација е должна да ја издвојува на посебна сметка во своето книговодство. На оваа сметка производителската организација е должна да ја издвојува и разликата во ценатa помеѓу постојната и новата продажна цена на готови производи.

Позитивната разлика во ценатa од ставот 1 на овој член остварена со продажба на готови производи, производителската стопанска организација е должна да ја внесе во својот деловен фонд и да ја користи за трајни обртни средства, а негативната разлика во ценатa може да ја покрие од својот резервен фонд.

Член 26

Одредбите на чл. 24 и 25 од оваа уредба се однесуваат и на стопанските организации од областа на земјоделството, сообраќајот и градежништвото.

IV. Завршни одредби

Член 27

Надзор над спроведувањето на пописот на залихите на производи според одредбите на оваа уредба врши службата на пазарната инспекција, а надзор над точноста на пресметувањето и уплатувањето на разликата во ценатa врши Службата на општественото книговодство, врз основа на документацијата што ѝ се поднесува на основната организациона единица на таа Служба.

Член 28

Се овластува сојузниот секретар за индустрија и трговија да донесе, по потреба, поблиски прописи за начинот на пресметување на цените на производите и цените на услугите од оваа уредба.

Поблиски прописи за тоа кои организации вршат попис на производи, за начинот на вршење на пописот и пресметување, уплатување и покривање на разликата во ценатa, донесува сојузниот секретар за индустрија и трговија, во согласност со сојузниот секретар за финансии.

Член 29

Со влегувањето во сила на оваа уредба престануваат да важат: Одлуката за определување на највисоките продажни цени на сурова нафта („Службен лист на СФРЈ“, бр. 52/63), Наредбата за определување на највисоките паритетни продажни цени за увезена нафта („Службен лист на СФРЈ“, бр. 28/64), Одлуката за определување на највисоките продажни цени за нафтени деривати („Службен лист на СФРЈ“, бр. 52/63 и 33/64), Одлуката за определување највисоката продажна цена на петролот за осветление („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 15/57), Наредбата за определување на продажната цена за моторен бензин („Службен лист на СФРЈ“, бр. 45/64), Одлуката за определување највисоките продажни цени за кокс („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 54/55), Одлуката за определување на највисоките продажни цени за производите на црната металургија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 24/63), Одлуката за највисоките продажни цени за старо железо („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/60 и 9/61), Одлуката за продажните цени за солта („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 43/55), Одлуката за продажните цени на маста и зејтинот за јадење („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/55) и Одлуката

за мерките и условите за формирање нивото на цените на определени производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65).

Член 30

Оваа уредба влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 124
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

567.

Врз основа на членот 10 став 3 и членот 77 од Основниот закон за електростопанството („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/65), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Уредбата за тарифниот систем за продажба на електрична енергија („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65) во членот 59 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одредбата од ставот 1 на овој член нема да се применува на испорачувач кој својот прв општ акт ќе го донесе до 15 август 1965."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 123
16 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

568.

Врз основа на членот 3 став 1 од Законот за паритетот на динарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ

1. Плаќањата во странство, наплатите од странство, купопродажбата на злато, девизи и ефективни валути, сите пресметки и книжења во врска со наведените работи, се вршат од 26. јули 1965 година по новиот единствен курс утврден врз база на паритетот на динарот што е пропишан со членот 1 од Законот за паритетот на динарот.

2. Курсните разлики што ќе настанат поради промена на досегашниот паритет на динарот а кои врз основа на одредбите на оваа одлука им се признаваат на стопански организации (негативни) односно што стопански организации се должни да ги уплатат (позитивни), ќе се книжат на товар односно во корист на посебна сметка на курсните разлики, што ќе ја води Народната банка на Југославија.

3. Наплатите по извоз на стоки се вршат по курсот кој беше во сила до 25 јули 1965 година, ако стоките се извезени пред а се наплатени по промената на курсот, со тоа што стопанските организации се должни да ја уплатат позитивната курсна разлика и што имаат право на поранешните извозни инструменти.

Ако е извоз на стоки пријавен до 25 јули 1965 година, извозникот на стоки има право на избор помеѓу стариот и новиот курс за неизвршен извоз, со тоа што конечното пресметување се врши по избраниот курс. На ист начин се постапува ако е по пријавена работа на извоз до 25 јули 1965 година наплатен аванс.

Одредбите на ст. 1 и 2 од оваа точка согласно се применуваат и на извоз на услуги за кој се поднесува пријава за скучена работа на извоз.

4. Плаќањата по увоз на стоки се вршат според курсот што бил во важност на денот на увозот на стоки.

Курсните разлики што ќе настанат од увоз по кој стоката ја минала границата по а е платена пред промената на курсот, ќе ги уплатат увозниците на таква стока, а курсните разлики што ќе настанат од увоз по кој стоката ја минала границата пред а плаќање е извршено по промената на курсот — им се признаваат на увозниците.

Отплатите на кредитите добиени за увоз на репродукционен материјал што на домашни банки им се враќаат во девизи (девизни кредити), се пресметуваат по курсот кој е во сила на денот на отплатувањето. Курсните разлики паѓаат на товар на корисникот на кредитот, а се покриваат од реализацијата по новиот курс. По исклучок, на корисниците на кредитите им се признаваат негативните курсни разлики по отплатите што делум паѓаат во период пред а делум во период по промената на курсот, и тоа само за периодот пред промената на курсот.

5. По исклучок од одредбите на точката 4 на оваа одлука, отплатите на инвестициони заеми и кредити за увоз на опрема, по кои увозот е извршен пред а отплатите по промената на курсот, ќе се вршат:

1) по курсот кој важи на денот на плаќањето на ануитетите (ратите, со тоа што курсните разлики паѓаат на товар на сметката на курсните разлики, и тоа за сите такви плаќања што стасуваат до 30 јуни 1966 година, додека подоцнежните отплати ги поднесува крајниот корисник за заемот односно кредитот (инвеститорот);

2) по курсот кој важи на денот на плаќањето на ануитетите (ратите) — ако е со договорот за кредит предвидено отплатувањето на такви заеми односно кредити да се врши во странски средства за плаќање, со тоа што курсните разлики да ги поднесува крајниот корисник на заемот односно кредитот (инвеститорот), а се покриваат од реализацијата по новиот курс. По исклучок, на корисниците на кредити им се признаваат негативните курсни разлики по отплатите што делум паѓаат во период пред а делум во период по промената на курсот, и тоа само за периодот пред промената на курсот.

6. Наплатување и плаќање по извоз и увоз на услуги по кои не се поднесуваат пријави за склучена работа на извоз односно увоз на услуги, се вршат на начинот од точ. 3 и 4 на оваа одлука, со тоа што за пресметувањето е меродавен денот кога услугата му е извршена на странец односно кога услугата ја извршил странец, што се утврдува со датумот на фактурата.

7. Стопанските организации, како и сите други општествено-правни и граѓанско-правни лица се должни веднаш а најдоцна во рок од 30 дена од денот на промената на курсот да ја уплатат курсната разлика помеѓу новиот единствен курс и поранешниот пресметковен курс на средствата што ги држат на девизни сметки кај банките во Југославија или кај банки и деловни партнери во странство, како и на средствата што претпријатијата однапред им ги положиле на банките заради вршење определени работи со странство.

8. Застапнички и агентски провизии, попусти, бонификации, обештетувања и слично во девизи, што се платени или наплатени од 26 јули 1965 година, ќе се пресметаат по поранешниот единствен пресметковен курс, ако нивното плаќање, односно наплата стасала до 25 јули 1965 година.

9. Стопанските организации се должни на сопствените девизни средства што ги имаат орочени кај банките во Југославија да ја уплатат курсната разлика помеѓу стариот и новиот курс.

10. По новиот единствен курс ќе се пресмета во книгите на банките искажаната вредност:

1) на златото и валутите;

2) на долгувањата и побарувањата во дивизи;

3) на динарските штедни влогови на иселеници и иселеници повратници што произлегуваат од вложувања на странски средства за плаќање.

Настанатите позитивни курсни разлики ќе се одобруваат на сметката на курсните разлики, а негативните курсни разлики ја товарат истата сметка.

11. Стопанските организации, како и други извозници и увозници на стоки и услуги, се должни до 30 септември 1965 година да ѝ ги пријават на надлежната организациона единица на Службата на општественото книговодство своите долгувања и побарувања во странство, со состојба на 25 јули 1965 година.

12. Девизите што се откупени од граѓани до 25 јули 1965 година, па врз основа на важечките прописи ќе им се стават на нив во целина или делумно на слободно располагање, ќе им се продаваат по курсот по кој и се откупени.

13. Упатства за примена на оваа одлука донесува Народната банка на Југославија.

14. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 119
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател.
Петар Стамболиќ, с. р.

569.

Врз основа на членот 22 ст. 2 и 3 од Основниот закон за претпријатијата за патишта („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 11/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПАТИШТА НА ЦЕНАТА НА БЕНЗИНОТ И ПЛИНСКОТО МАСЛО

1. Во Одлуката за определување височината на надоместокот за патишта на цената на бензинот и плинското масло („Службен лист на ФНРЈ" бр. 52/63), во точката 1 став 1 под 1 и 2 зборовите: „10 динари" се заменуваат со зборовите: „20 динари".

2. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 121
21 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

570.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА МИНИМАЛНИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ ЗА КОНОПОВО СТЕБЛЕНЦЕ, СУРОВ ПАМУК И СУРОВИ КОЖУРЦИ ОД СВИЛЕНИ БУБИ

1. Стопанските организации што се занимаваат со преработка на коноп, суров памук и сурови кожурци од свилени буби (каделарници, организации за егренирање памук, организации за откуп и задушување на свилени кожурци) ќе го купуваат од стопанските организации и установи што произведуваат или вршат откуп од индивидуални земјоделски производители, коноповото стебленце, суровиот памук и суровите кожурци од свилени буби по цени кои не можат да бидат пониски од следните цени за 1 килограм, и тоа за:

	Динари
1) конопово стебленце:	
I класа	30
II класа	25
III класа	22
IV класа	20
2) суров памук:	
I класа, просечен рандман 31	275
II класа, просечен рандман 30	260
III класа, просечен рандман 30	245
3) сурови кожурци од свилени буби:	
јапонска бела раса, предливи	1.150
јапонска бела раса, предливи	140

Цените од ставот 1 на оваа точка се подразбираат за коноповото стебленце франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство, по избор на купувачот, во местото на продавачот, а за суровиот памук и суровите кожурци од свилена буба — франко откупното место на купувачот.

2. Цените од точката 1 став 1 под 1 и 3 на оваа одлука важат за коноповото стебленце и суровите кожурци од свилени буби од определена класа и вообичаен квалитет во промѐтот, а цените од точката 1 став 1 под 2 на оваа одлука важат за суров памук со 9,5% влага.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Наредбата за минималните откупни цени за конопово стебленце, суров памук и сурови кожурци од свилени буби („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64).

4. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 108
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

571.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА МИНИМАЛНИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ МАСЛОДАЈКИ

1. Стопанските организации што се занимаваат со преработка на маслодајки (фабриките за масло) ќе ги купуваат од стопанските организации или

установи што произведуваат или вршат откуп на определени маслодајки од индивидуални земјоделски производители следните маслодајки по цени кои не можат да бидат пониски од:

	Динари
1) за сончоглед	120
2) за маслодајна репка	120
3) за рицинус	150
4) за афионово семе	150
5) за ленено семе	145
6) за соја	145

Цените од ставот 1 на оваа точка се подразбираат за 1 килограм, франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, а по избор на купувачот.

2. Цената од точката 1 став 1 под 1 на оваа одлука важи за сончоглед кој содржи 38% масло, 11% влага и 3% нечистота.

За секој цел процент содржина на масло над или под 38% минималната цена се зголемува односно намалува за 3 динари за 1 килограм сончоглед, со тоа што дропките се земаат предвид.

За секој цел процент влага над или под 11% и за секој цел процент нечистота над или под 3% цената се зголемува односно намалува за 0,90 динари за 1 килограм сончоглед, со тоа што дропките се земаат предвид.

3. Цените од точката 1 став 1 под 2 до 5 на оваа одлука важат за просечен квалитет на тие маслодајки вообичаен во прометот.

4. Цената од точката 1 став 1 под 6 на оваа одлука важи за соја што содржи 15% масло, 13% влага и 2% нечистота.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Наредбата за минималните откупни цени на определени маслодајки („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64).

6. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 107
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

572.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ ЗА ДОБИТОК

1. На стопанските организации и установи што произведуваат и гојат добиток сами или во кооперација со индивидуални производители им се гарантираат следните откупни цени за свињи, говеда, овци и живини, и тоа:

	Цена Дин./кг
А. Свињи:	
1) за свињи бекон:	
а) I класа, тежина од 80 до 95 кг по парче	465
б) II класа, тежина од 80 до 95 кг по парче	450
2) за прима месести свињи:	
а) I тежинска група, лесни, тежина од 80 до 95 кг по парче	430
б) II тежинска група, средни, тежина над 95 до 110 кг по парче	440
в) III тежинска група, тешки, тежина над 110 до 125 кг по парче или потешки, ако не се постари од 12 месеци	450
3) за месести свињи:	
а) I тежинска група, лесни, тежина од 80 до 95 кг по парче	410
б) II тежинска група, средни, тежина над 95 до 110 кг по парче	420
в) III тежинска група, тешки, тежина над 110 до 125 кг по парче или потешки, ако не се постари од 12 месеци	430
4) за полумасни свињи:	
а) I тежинска група, лесни, тежина од 80 до 95 кг по парче	400
б) II тежинска група, средни, тежина над 95 до 110 кг по парче	410
в) III тежинска група, тешки, тежина над 110 до 125 кг по парче или потешки, ако не се постари од 12 месеци	420
Б. Говеда:	
1) за згоени телиња од благородни раси и за нивни меѓусебни мелези — крижанци, освен расата „џерсеј" и црвена данска, до 6 месеци стари:	
а) Iа класа, тежина најмалку 200 кг кај машки и 180 кг кај женски грла, рандман најмалку 60%	740
б) I класа, тежина најмалку 180 кг кај машки и 150 кг кај женски грла, рандман најмалку 58%	700
2) за згоени помлади јунчиња од благородни раси и за нивни меѓусебни мелези — крижанци, освен расата „џерсеј" и црвена данска, до 18 месеци стари и со млечни заби:	
а) Iа класа, тежина најмалку 450 кг кај машки и 400 кг кај женски грла, рандман најмалку 58%	650
б) I класа, тежина најмалку 420 кг кај машки и 380 кг кај женски грла, рандман најмалку 55%	610
3) за згоени постари јунчиња — млади говеда од благородни раси и за нивни меѓусебни мелези — крижанци, освен расата „џерсеј" и црвена данска, од 18 до 36 месеци стари, што имаат најмногу 4 постојани заби:	
а) Iа класа, тежина најмалку 500 кг кај машки и 450 кг кај женски грла, рандман најмалку 56%	620
б) I класа, тежина најмалку 470 кг кај машки и 420 кг кај женски грла, рандман најмалку 54%	590
4) за згоени телиња — мелези од расата „буша" со благородни раси, црвена данска, истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка, до 6 месеци стари:	
а) I класа, тежина најмалку 150 кг кај машки и 130 кг кај женски грла, рандман најмалку 56%	600
б) II класа, тежина најмалку 130 кг кај машки и 110 кг кај женски грла, рандман најмалку 54%	570
5) за згоени помлади јунчиња — мелези од расата „буша" со благородни раси, црвена данска, истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка, до 18 месеци стари, со млечни заби:	
а) I класа, тежина најмалку 350 кг кај машки и 300 кг кај женски грла, рандман најмалку 54%	570
б) II класа, тежина најмалку 300 кг кај машки и 250 кг кај женски грла, рандман најмалку 52%	530

	Цена Дин./кг
б) за згоени постари јунчиња — млади говеда — мелези на расата „буша“ со благородни раси, црвена данска, истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка, од 18 до 36 месеци стари, што немаат повеќе од 4 постојани заби:	
а) I класа, тежина најмалку 400 кг кај машки и 350 кг кај женски грла, рандман најмалку 54%	550
б) II класа, тежина најмалку 350 кг кај машки и 300 кг кај женски грла, рандман најмалку 52%	510
7) за згоени телиња до 6 месеци стари, од расата „буша“:	
а) I класа, тежина најмалку 75 кг кај машки и 65 кг кај женски грла, рандман најмалку 54%	570
б) II класа, тежина најмалку 70 кг кај машки и 60 кг кај женски грла, рандман најмалку 52%	540
8) за згоени помлади јунчиња до 18 месеци старост, со млечни заби, од расата „буша“:	
а) I класа, тежина најмалку 200 кг кај машки и 180 кг кај женски грла, рандман најмалку 52%	520
б) II класа, тежина најмалку 200 кг кај машки и 180 кг кај женски грла, рандман најмалку 48%	480
9) за згоени постари јунчиња — млади говеда — од расата „буша“, од 18 до 36 месеци стари, што немаат повеќе од 4 постојани заби:	
а) I класа, тежина најмалку 250 кг кај машки и 200 кг кај женски грла, рандман најмалку 50%	480
б) II класа, тежина најмалку 250 кг кај машки и 200 кг кај женски грла, рандман најмалку 48%	450
В. Овци:	
1) за згоени јагниња, од 5 до 12 месеци стари, што не измениле ниеден млечен заб:	
а) I класа, тежина најмалку 20 кг, рандман најмалку 54%	480
б) II класа, тежина најмалку 20 кг, рандман најмалку 50%	440
2) за згоени шилежињат, од 1 до 2 години стари, што имаат најмногу 2 постојани заба:	
а) I класа, тежина најмалку 25 кг, рандман најмалку 52%	410
б) II класа, тежина најмалку 25 кг, рандман најмалку 48%	370
3) за згоени овци и овни, над 2 години стари:	
а) I класа, до 5 години стари, со најмалку 6 постојани заби, тежина најмалку 35 кг, рандман најмалку 50%	350
б) II класа, до 5 години стари, со најмногу 6 постојани заби, тежина најмалку 35 кг, рандман најмалку 46%	330
Г. Живина:	
за згоени пилиња „бројлери“:	
а) I класа	560
б) II класа	540

2. Цените од точката 1 на оваа одлука важат за 1 кг добиток жива мера, франко натоварено во вагон или камион, по избор на купувачот, во местото на продавачот, чија тежина се утврдува по истекот на 12 часови од последното хранење, а за свињи — и без премија.

Цените од ставот 1 на оваа точка се однесуваат на квалитетот на добитокот пропишан:

1) со посебниот стандард — Свињи за бекон JUS E.J1.011;

2) со посебниот стандард — Свињи за колење JUS E.C1.020;

3) со условите од Прописите за квалитетот на говедата и овците за колење РК-Е2.

3. Стопанските организации што ќе ги овласти Дирекцијата за исхрана, ќе ја купуваат според цените и условите од точ. 1 и 2 на оваа одлука сета количина на свињи, говеда, овци и живина, што организациите и установите од точката 1 на оваа одлука ќе им ги понудат заради купување.

Стопанските организации од ставот 1 на оваа точка се должни, ако за тоа добијат налог од Дирекцијата за исхрана, откупениот добиток односно месото и преработките од месо на тој добиток да го продадат на определен пазар односно на определени купувачи.

Односот помеѓу Дирекцијата за исхрана и стопанските организации од ст. 1 и 2 на оваа точка се регулира со писмен договор.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за гарантираните цени за добиток („Службен лист на СФРЈ“, бр. 30/64 и 8/65).

5. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р. п. бр. 106
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

573.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЈАЧМЕН И ОВЕС

1. На стопанските организации и установи што се занимаваат со производство или вршат откуп од индивидуални земјоделски производители (во понатамошниот текст: организациите) им се обезбедува гарантирана цена за јачмен и овес (во понатамошниот текст: житото) во износ од 65 динари за килограм.

2. Дирекцијата за исхрана е должна по цената и под условите од оваа одлука да ги купува сите количини жито што ќе ѝ ги понудат организациите заради продажба.

Дирекцијата за исхрана е должна да го преземе купеното жито што организацијата ќе ѝ го стави на располагање во рок од 3 месеци од денот на ставањето на располагање. Ако Дирекцијата за исхрана не го преземе житото во тој рок, таа е должна за непреземените количини да ѝ ги надомести на организацијата трошоците за складирање, сметајќи ги тие трошоци од денот на истекот на рокот во кој Дирекцијата за исхрана била должна да го преземе житото.

3. Цената од точката 1 на оваа одлука се подразбира франко вагон натоварна станица на организацијата, или франко магацин на мелница, и тоа за жито зрело, здраво, без знаци на мувла и туѓ вкус и мириза, способно за човечка односно добиточна исхрана, незаразено со житни болести и штетници, од следниот квалитет:

1) јачмен (освен пиварскиот) — 63 кг хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистота и 13% влага;

2) овес — 43 кг хектолитарска тежина со 2% уродица и нечистота и 13% влага.

4. Ако житото има поголема или помала хектолитарска тежина од онаа што е предвидена во точката 3 од оваа одлука, гарантираната цена се зголемува односно се намалува за 0,50% за секој килограм над или под предвидената хектолитарска тежина. Дропките се земаат предвид.

Ако житото има поголем или помал процент на уродица, нечистота или влага од оној што е предвиден во точката 3 на оваа одлука, гарантираната цена за процентот на уродица, нечистота или влага под или над предвидениот процент ќе се намали односно зголеми за истиот процент. Дропките се земаат предвид.

5. Дирекцијата за исхрана не е должна да го купува понуденото ѝ жито кое има процент на влага поголем од 14%.

Дирекцијата за исхрана може, по исклучок, да презема жито со процент на влага поголем од 14%, со тоа што гарантираната цена на таквото жито ќе се намали и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор склучен помеѓу организациите и Дирекцијата за исхрана.

За снетливост на жито во појак степен, како и за замачканост или завалканост ќе се одбијат 5% од гарантираната цена.

6. Дирекцијата за исхрана и организациите ги регулираат со договор роковите за преземање и другите услови за испорака на житото.

7. Дирекцијата за исхрана може да овласти одделни стопански организации да купуваат жито за нејзина сметка во смисла на одредбите од оваа одлука.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите од Наредбата за гарантираните цени на пченката, јачменот и овесот („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64) што се однесуваат на јачменот и овесот.

9. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 88
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

574.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПЧЕНИЦА И 'РЖ

1. На стопанските организации и установи што се занимаваат со производство или вршат откуп од индивидуални земјоделски производители (во понатамошниот текст: организациите) им се обезбедуваат гарантирани цени за пченица и 'рж (во понатамошниот текст: жито), и тоа:

1) за пченица од сорти на квалитетна група А и Б — 100 динари за 1 кг,
2) за пченица од сорти на квалитетна група Ц — 90 динари за 1 кг,
3) за 'рж — — — — — 100 динари за 1 кг.

2. Дирекцијата за исхрана е должна по цените и под условите од оваа одлука да ги купува сите количини жито што ќе им ги понудат организациите заради купување.

Дирекцијата за исхрана е должна да го преземе купеното жито што организациите ќе ѝ го стават на располагање во рок од три месеци од денот на ставањето на располагање. Ако Дирекцијата за исхрана во наведениот рок не го преземе купеното жито, таа е должна да ѝ ги надомести на организацијата трошоците за складирање за непреземените количини, сметајќи ги тие трошоци од денот на истекот на рокот во кој Дирекцијата за исхрана била должна да го преземе житото.

3. Цените од точката 1 на оваа одлука се подразбираат франко вагон натоварна станица на организацијата, или франко магацин железничка станица на организацијата, или франко магацин на мелница, и тоа за жито зрело, здраво, без знаци на мувла и туѓ вкус и миризба, способно за човечка исхрана, незаразено со житни болести и штетници, од следниот квалитет:

1) пченица — 76 кг хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистота и 13% влага;
2) 'рж — 70 кг хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистота и 13% влага.

4. Ако житото има поголема или помала хектолитарска тежина од онаа што е предвидена во точката 3 на оваа одлука, гарантираната цена се зголемува односно се намалува за 0,50% за секој килограм над или под предвидената хектолитарска тежина. Дропките се земаат предвид. Кршени зрна под половина се сметаат во уродица.

На пченица што има хектолитарска тежина помала од 74 кг или уродица и нечистота повеќе од 5%, не се применуваат одредбите од оваа одлука.

5. Дирекцијата за исхрана не е должна да го купува понуденото ѝ жито што има процент на влага поголем од 14%.

Дирекцијата за исхрана може, по исклучок, да го презема житото што има процент на влага поголем од 14%, со тоа што гарантираната цена на таквото жито ќе се намали и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор склучен помеѓу организацијата и Дирекцијата за исхрана.

За снетливост на жито во појак степен и за замачканост и завалканост на житото ќе се одбие до 5% од гарантираната цена.

6. Дирекцијата за исхрана и организациите ги регулираат со договор роковите за преземање и другите услови за испорака на житото.

7. Дирекцијата за исхрана може да овласти одделни стопански организации да купуваат жито за нејзина сметка во смисла на одредбите од оваа одлука.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Наредбата за гарантираните цени за пченица и 'рж („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64) и Одлуката за измена на Наредбата за гарантираните цени за пченица и 'рж („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/65).

9. Поблиски прописи за сортите на пченица од точката 1 под 1 на оваа одлука ќе донесе сојузниот секретар за земјоделство и шумарство во согласност со сојузниот секретар за индустрија и трговија.

10. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 89
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

575.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ГАРАНТИРАНАТА ЦЕНА ЗА ПЧЕНКА

1. На стопанските организации и установи што се занимаваат со производство или вршат откуп од индивидуални земјоделски производители (во понатамошниот текст: организациите) им се обезбедува гарантирана цена за пченка во износ од 63 динари за 1 килограм пченка.

2. Дирекцијата за исхрана е должна по цената и под условите од оваа одлука да ги купува сите количини пченка што организациите ќе ѝ ги понудат заради продажба.

Дирекцијата за исхрана е должна да ја преземе купената пченка што организациите ќе ѝ ја стават на располагање заради испорака, и тоа во рок од 3 месеци од денот на ставањето на располагање. Ако Дирекцијата за исхрана не ја преземе пченката во тој рок, таа е должна на организацијата да ѝ ги признае трошоците за складирање за непреземените количини, сметајќи од денот на истекот на рокот во кој била должна да ја преземе пченката.

3. Цената од точката 1 на оваа одлука се подразбира франко вагон натоварна станица на организацијата или франко магацин железничка станица на организацијата или франко магацин на мелница, и тоа за пченка зрела, здрава, без знаци на мувла и туѓ вкус и миризба, способна за човечка исхрана односно за исхрана на добиток, незаразена од житни болести и штетници, од квалитет во зрно: со 14% влага и до 2% дефектни зрна и други примеси и до 1% кршени зрна.

4. Дирекцијата за исхрана не е должна да ја купува понудената ѝ пченка што има повеќе од 14,5% влага.

Ако пченката има поголем или помал процент влага од оној што е предвиден во точката 3 на оваа одлука, определената цена за процентот на влага под или над предвидениот процент ќе се намали односно зголеми за истиот процент. Дропките при тоа се земаат предвид.

Дирекцијата за исхрана може, по исклучок, да презма пченка што има процент на влага поголем од 14,5% влага, со тоа што определената цена на таквата пченка ќе се намали и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор помеѓу организациите и Дирекцијата за исхрана.

5. Дирекцијата за исхрана и организациите ги регулираат со договор роковите за преземање и другите услови за испорака на пченката.

6. Дирекцијата за исхрана може да овласти одделни стопански организации да купуваат пченка за нејзина сметка во смисла на одредбите од оваа одлука.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите од Наредбата за гарантираните цени на пченката, јачменот и овесот („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64) што се однесуваат на пченката.

8. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 109
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

576.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 5/65 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен свет донесува

ОДЛУКА

ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ МИНИМАЛНИ ЦЕНИ ЗА ОРИЗОВА АРПА

1. На стопанските организации што произведуваат или вршат откуп на оризова арпа од индивидуални земјоделски производители им се обезбедува гарантирана минимална цена за оризова арпа (нелупен ориз), и тоа:

Дин./кг

за I класа — — — — — — — — 145
за II класа — — — — — — — — 140
за III класа — — — — — — — — 130

2. Цените од точката 1 на оваа одлука се подразбираат франко натоварна станица на продавачот, и тоа за оризова арпа наполно зрела, здрава, без дефектни и оштетени зрна, незаразена со оризови болести или штетници, од следниот квалитет:

1) за I класа — исти сорти, со најмногу 3% црвени зрна, 2% примеса и нечистота и 14% влага;

2) за II класа — исти сорти, со најмногу 15% црвени зрна, 2% примеса и нечистота и 14% влага;

3) за III класа — разни сорти, со над 15% црвени зрна, со најмногу 2% примеса и нечистота и 14% влага.

3. Ако оризовата арпа има процент на примеса и нечистота или влага поголем од процентот предвиден во точката 2 на оваа одлука, определената цена за секој поголем односно помал процент на примеса и нечистота или влага ќе се намали односно зголеми за истиот процент (1:1). Дропките се земаат предвид.

4. Оваа одлука не се однесува на оризова арпа, без оглед на класата, што има влага повеќе од 18%, или примеса и нечистота повеќе од 8% за I класа, повеќе од 15% за II класа и повеќе од 18% за III класа.

5. Дирекцијата за исхрана е должна по цените од точката 1 на оваа одлука да ги купува сите количини на оризова арпа што ќе ѝ ги понудат земјоделските организации заради продажба.

6. Дирекцијата за исхрана и земјоделските организации ги утврдуваат со договор роковите за преземање, трошоците за складирање и другите услови за испорака и преземање на оризовата арпа.

7. Дирекцијата за исхрана може да овласти одделни стопански организации да купуваат оризова арпа за нејзина сметка во смисла на одредбите од оваа одлука.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Наредбата за гарантираните минимални цени за оризова арпа („Службен лист на СФРЈ", 30/64).

9. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 111
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

577.

Врз основа на членот 3 став 1 од Уредбата за прометот на жито и на преработки од жито на големо („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/58, 18/58, 29/58, 26/60 и 44/62), во врска со чл. 1 и 21 од Законот за прометот на стоки и вршењето на трговски услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА ЖИТОТО И НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИТО

1. Производителските стопански организации ќе продаваат пченичното и 'рженото брашно, трицитe и уродицата по цените што изнесуваат најмногу до:

	Дин/кг
1) за квалитетна група „Ц":	
а) пченично брашно тип 1.000	106
б) пченично брашно тип 600	138
в) пченично брашно тип 400	182
2) за квалитетна група „Б" и 'ржено брашно:	
а) пченично брашно тип 1 000	114
б) пченично брашно тип 600	158
в) пченично брашно тип 400	202
3) пченични трици	48
4) уродица	30

Цените од ставот 1 на оваа точка се подразбираат франко натоварено во вагон, паритет Нови Сад, во врќи на купувачот.

На цените од ставот 1 на оваа точка производителските стопански организации ги додаваат трошоците на превозот.

Разврстувањето на брашната во квалитетните групи од ставот 1 на оваа точка се врши според рандманот (штедроста) Брашната што даваат 136 и повеќе килограми разладен леб спаѓаат во квалитетна група „Б", а брашната што даваат под 136 килограми разладен леб — во квалитетна група „Ц".

Производителските стопански организации се должни во фактурата, покрај типот на брашното, да ја назначат и квалитетната група на брашното.

2. Стопанските организации што вршат промет на стоки на големо ја продаваат пченицата, 'ржта, пченката, јачменот (освен пиварскиот), овесот, прекрупата, трицитe, уродиците, пченичното, 'рженото и пченкарното брашно во промет на големо по калкулативни цени.

Калкулативните цени се формираат на тој начин што на набавната цена ѝ се додаваат трошоците на превозот и трошоците на трговијата.

3. Ако изворите на набавката на пченица односно брашно се различни, стопанската организација ги формира просечните продажни цени на брашното посебно за секоја квалитетна група.

4. Цените на житото формирани на начинот предвиден со оваа одлука важат за квалитетот на житото определен со прописите за гарантираните цени на житото.

5. Претпријатијата за извоз и увоз на жито ја продаваат увезената пченица и 'рж по цените определени со посебна одлука на Сојузниот извршен совет.

6. Се овластува сојузниот секретар за индустрија и трговија да донесе поблиски прописи за постапката за раврстување на брашната во квалитетни групи.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Наредбата за продажните цени на житото и на производите од жито („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64).

8. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 91
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

578.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА КРАВЈО МЛЕКО

1. Работните организации што се занимаваат со промет или преработка на кравјо млеко ќе го купуваат свежото кравјо млеко:

1) од работните организации што го произвеле млекото сами, по цена која не може да биде пониска од 28 динари за една масна единица франко собирното место на продавачот;

2) од работните организации што договориле и организирале производство на млеко во кооперација со индивидуални земјоделски производители, по цена која не може да биде пониска од 28 динари за една масна единица франко местото на преработката на работната организација што се занимава со преработка на кравјо млеко односно франко собирното место на работната организација што се занимава со промет на кравјо млеко.

Работните организации што договараат и организираат производство на кравјо млеко во кооперација со индивидуални земјоделски производители ќе го преземаат свежото кравјо млеко произведено во таа кооперација, по цена која не може да биде пониска од 28 динари за една масна единица, намалена за трошоците на превозот од местото на приемот на кравјото млеко до местото на испораката на работната организација што се занимава со промет или преработка на кравјо млеко (став 1 под 2).

По минималната откупна цена од ставот 1 на оваа точка ќе се пресметува и испораката на свежо кравјо млеко помеѓу погонот за производство на кравјо млеко односно погонот за кооперација и погонот за преработка или промет на кравјо млеко на иста работна организација.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за минимална-

та откупна цена за кравјо млеко („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/65).

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 115
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ с. р.

579.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА ШЕЌЕРНА РЕПКА

1. Стопанските организации што се занимаваат со производство на шеќер (фабриките за шеќер) ќе ја купуваат од стопанските организации и установи што произведуваат или вршат откуп на шеќерна репка од индивидуални земјоделски производители (во понатамошниот текст: организациите) шеќерната репка по цена која не може да биде пониска од 18 динари за 1 килограм. Организациите можат при договарање на откупот на шеќерна репка од индивидуални земјоделски производители, за трошоците на договарањето на откупот да засметуваат најмногу 1 динар за 1 килограм шеќерна репка.

Фабриките за шеќер ќе го договараат со организациите купувањето на шеќерна репка, по правило, по дигестија. Во тој случај ценатa од ставот 1 на оваа точка важи за шеќерна репка со дигестија од 15,5%. За секој цел процент на поголема или помала дигестија од 15,5% цената се зголемува односно намалува за 1,16 динари за 1 килограм, со тоа што дропките да се земаат предвид.

2. Ценатa од точката 1 на оваа одлука важи за чиста шеќерна репка по одбивање на тежината на туѓите примеси, земјата и неисправно одрежаните глави, лисјето, жиличките и опавчињата, франко натоварна станица во местото на организацијата, а по избор на купувачот — до железничка, бродска односно камионска рампа, кеј или дигалка, приготвено за натовар во превозното средство.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Наредбата за минималната откупна цена за шеќерна репка („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64) и Одлуката за измени и дополненија на Наредбата за минималната откупна цена за шеќерна репка („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65).

4. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 112
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

580.

Врз основа на членот 11 став 1 и членот 61 од Основниот закон за електростопанството („Службени лист на СФРЈ", бр. 17/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА НАЈВИСОКИТЕ ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ПРЕНОСНАТА МРЕЖА

1. Највисоките тарифни ставови по кои електростопанските претпријатија во чија дејност спаѓа пренесување на електрична енергија можат да ја пресметуваат испорачаната електрична енергија на преносната мрежа од напони 110 kV и 35 kV се следните:

Напон kV	Пресметковни големини	Сезони	Време на денот	За I степен	За II степен
				динари	
110 kWh	kW	виша		5 000	1.850
		нижа		1 700	1.250
	kWh	виша	поголема	10,00	11,00
			помала	6.00	7,50
		нижа	поголема	3,50	8,00
			помала	2,00	4,00
	kVArh	виша	поголема	2,00	2,00
			помала	1,00	1,00
		нижа	поголема	1,00	1,00
			помала	0.50	0,50
35 kWh	kW	виша		5.300	1.960
		нижа		1.800	1.325
	kWh	виша	поголема	10,60	11,65
			помала	6,35	7,95
		нижа	поголема	3,70	8,50
			помала	2,10	4,25
	kVArh	виша	поголема	2,10	2,10
			помала	1,05	1,05
		нижа	поголема	1,05	1,05
			помала	0,55	0,55

2. Највисоките тарифни ставови се определени за следните пресметковни големини:
1) основен придонес за пресметковна сила;
2) потрошена работна енергија;
3) прекумерно потрошена реактивна енергија.

Највисоките тарифни ставови за основниот придонес за пресметковна сила во киловати (kW), за потрошена работна енергија во киловат-часови (kWh) и за прекумерно потрошена реактивна енергија во киловат-часови (kVArh), се определени според напонот, сезоната, времето на денот и степенот.

3. Највисоките тарифни ставови од точката 1 на оваа одлука се применуваат на начинот определен со Уредбата за тарифниот систем за продажба на електрична енергија („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 август 1965 година.

Р.п. бр. 104
19 мај 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

581.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА МИНИМАЛНИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ НА ТУТУНОТ

1. Работните организации што се занимаваат со производство, обработка и преработка на тутун (во понатамошниот текст: организацијата) ќе купуваат од индивидуални производители и граѓански правни лица тутун по цени кои не можат да бидат пониски од:

А. за македонски ароматичен тип тутун:

1) сорта „Јака" и „Џебел":	Дин/kg
класа I	3.150
„ II	2.400
„ IIIа	1.850
„ IIIб	1.450
„ IVа	1.090
„ IVб	750
„ V	430
„ VI	180
мувлосан тутун	60
2) сорта „Прилеп":	
класа I	2.585
„ II	2.000
„ IIIа	1.430
„ IIIб	1.140
„ IVа	840
„ IVб	590
„ V	365
„ VI	150
мувлосан тутун	60

Б. за македонски дополнителен тип тутун:

1) сорта „Јака" и „Џебел":	Дин/kg
класа I	1.150
„ II	930
„ III	630
„ IV	400
„ V	230
„ VI	115
мувлосан тутун	60
2) сорта „Прилеп":	
класа I	720
„ II	575
„ III	430
„ IV	290
„ V	140
„ VI	115
мувлосан тутун	60
3) сорта „Баина башта"	
класа I	1.220
„ II	930
„ III	630
„ IV	430
„ V	220
„ VI	115
мувлосан тутун	60

В. за тип тутун „Отља":

	Дин/kg
класа I	1.220
„ II	960
„ IIIа	750
„ IIIб	600
„ IVа	480
„ IVб	350
„ Va	240
„ Vб	140
„ VI	115
мувлосан тутун	60

Г. за тип тутун „Просечан":

	Дин/kg
класа I	790
„ II	630
„ III	480
„ IV	320
„ V	160
„ VI	115
мувлосан тутун	60

Д. за херцеговски тип тутун сорта „Равњак":

класа Iа	1.330
„ Iб	1.100
„ IIа	950
„ IIб	790
„ IIIа	660
„ IIIб	530
„ IVа	450
„ IVб	360
„ Va	275
„ Vб	185
„ VI	115
мувлосан тутун	60

Ѓ. за босански тип тутун сорта „Равњак":

класа I	760
„ II	590
„ III	415
„ IV	275
„ V	170
„ VI	105
мувлосан тутун	60

Е. за војводински тип тутун сорта „Нова Црња", „Сегединска ружа" и „Зрењанин":

класа I	330
„ II	290
„ III	240
„ IV	185
„ V	140
„ VI	105
мувлосан тутун	45

Ж. за тип тутун „Подравка":

класа I	400
„ II	350
„ III	300
„ IV	210
„ V	150
„ VI	90
мувлосан тутун	50

З. за тип тутун „Светла вирџинија":

класа I	900
„ II	645
„ III	460
„ IV	300
„ V	185
„ VI	105
мувлосан тутун	60

2. Покрај цената за преземен тутун организациите се должни на индивидуални производители и граѓански правни лица да им надоместат и посебен износ на име фактични материјални трошоци што ги имале во врска со заштита на тутун од растителни болести и штетници.

3. Цените од точката 1 на оваа одлука важат франко вагон или франко магацин, по избор на организацијата.

За тутун во бали (чекии) кој претставува мешаница на две соседни класи тутун, важат минималните откупни цени за пониската класа на тутун.

Ако тутун во бали претставува мешаница на повеќе класи, со вештачење се утврдува средната класа и за таков тутун важи минималната откупна цена за прва пониска класа од утврдената средна класа.

За тутун во низи (некалапен) важат минималните откупни цени што за 15% се пониски од цените пропишани во точката 1 на оваа одлука за ист тип, сорта и класа на тутун. Ако организациите не сакаат да преземаат тутун во низа, тоа мораат однапред да го предвидат во договорот за производство и испорака на тутун склучен со пробизводителите на тутун.

За невообичаено влажен тутун, покрај тоа што се одбива со вештачење утврдената одвишна влага, важат минималните откупни цени за една класа подолу, а за тутуни од најниска класа важат минималните откупни цени за мувлосан тутун.

Тутунски ситнеж или тутунски отпадоци се преземаат без надоместок, а се признаваат при раздолжување само ако произлегуваат од матичен лист.

Ако во тутунот има мувлосан тутун, количината на овој тутун се утврдува со вештачење и за неа важат минималните откупни цени за мувлосан тутун.

Ако песок, земја или други туѓи предмети се измешани со тутун, нивната тежина утврдена со вештачење се одбива од тежината на тутунот.

За тутун од типот од точката 1 на оваа одлука чие производство и испорака не се договорени, важат минималните откупни цени за тој тип тутун но за една класа подолу од цените по кои тој тутун би бил платен ако неговото производство и испорака би биле договорени.

За тутун што не е предвиден со точката 1 од оваа одлука, ако е здрав и употреблив за преработка, важат минималните откупни цени за V класа на војводински тип тутун, а ако не е здрав ниту употреблив за преработка — се презема без надоместок.

4. Организациите при преземањето на тутун се должни да се придржуваат кон Мерилата за класификација на тутунот (Додаток на „Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/61).

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Наредбата за минималните откупни цени на тутунот од родот на 1962 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 8/62). Одлуката за минималните откупни цени на тутунот од родот на 1963 и 1964 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 53/62) и Наредбата за примена и во 1964 година на Наредбата за минималните откупни цени на тутунот од родот на 1962 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/64).

6. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р. п. бр. 117
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р

582.

Врз основа на точката 2 од Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за давање регрес за производство на ферролегури, карбиди и абразиви („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ВО 1965 ГОДИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФЕРОЛЕГУРИ, КАРБИДИ И АБРАЗИВИ

1. Од средствата доделени на сојузниот буџет за 1965 година со Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за давање регрес за производство на ферролегури, карбиди и абразиви, им се одобрува регрес на претпријатијата за производство на ферролегури, карбиди и абразиви, и тоа на:

1) Творница електрода и ферролегура, Шибеник;

2) Хемијско-електрометалуршки комбинат „Југохром“, Јегуновци;

3) Товарна душика, Руше;

4) Електрохемијска и електротермијска индустрија „Електробосна“, Јајце;

5) Творница карбида и цијанамида „Далмација“, Дуги Рат;

6) Предузеће за производњу ферролегура „Волфрам“, Кучево.

2. Регресот од точката 1 на оваа одлука се одобрува во износ од 3 динари за 1 киловат час набавена електрична енергија за производство на ферролегури, карбиди и абразиви.

Регресот од ставот 1 на оваа точка ќе се одобрува од денот на почетокот на применувањето на новите тарифни ставови за продажба на електрична енергија до 31 декември 1965 година.

3. Вкупните исплати на регресот според оваа одлука не можат во 1965 година да го надминат износот од 1.500 милиони динари.

4. Поблиски прописи за начинот и постапката за остварување на регресот според оваа одлука донесува сојузниот секретар за индустрија и трговија, во согласност со сојузниот секретар за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 122
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

583.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ“ бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА МИНИМАЛНИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ ЗА МАСНИ СВИЊИ

1. Стопанските организации што се занимаваат со преработка на масни свињи ќе ги купуваат од стопанските организации што призведуваат или гојат свињи сами или во кооперација со индивидуални земјоделски производители масните свињи по цени кои не можат да бидат пониски од следните цени, и тоа за:

	Дин./кг
1) I тежинска група, лесни, тежина од 80 до 95 кг по парче	365
2) II тежинска група, средни, тежина над 95 до 110 кг по парче	375
3) III тежинска група, тешки, тежина над 110 до 125 кг по парче или потешки, ако не се постари од 12 месеци	385

2. Ценките од точката 1 на оваа одлука важат за 1 кг свињи жива мера, франко натоварено во вагон или камион по избор на купувачот во местото на продавачот, чија тежина се утврдува по истекот на 12 часа од последното хранење

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 110
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

584.

Врз основа на членот 15 став 1 од Законот за сојузниот буџет за 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБА НА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО

1. На стопанските организации што се занимаваат со производство на вештачки ѓубриња (фабриките) им се одобрува регрес за продадено и испорачано вештачко ѓубре на следните купувачи, и тоа:

1) на земјоделски организации и установи, како и на погони на други стопански организации и установи што се занимаваат со земјоделско производство — за количини потребни за сопствено производство и за производство во кооперација со индивидуални земјоделски производители;

2) на шумски стопанства, шумско-стопански претпријатија, претпријатија за одгледување и експлоатација на шуми, установи за стопанисување со шуми, ловно-шумски стопанства, самостојни погони за стопанисување со шуми на други стопански организации, шумарски институти и заводи — за количини што ги набавуваат за плантажно производство на брзорастечки дрвја, за комбинирано земјоделско и шумарско производства, за обнова на шуми, за земјоделско производство во сопствена режија и за мелиорација на шумски и планински пасишта;

3) на установи и организации што вршат заштита на земјиштата од порои и ерозија — за количини потребни за спроведување на таа заштита;

4) на рибарски стопански организации, рибарски задруги што на предлог од Сојузната стопанска комора ќе ги определи Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство и на установи што се занимаваат со одгледување риби во слатководни рибници — за количини потребни за ѓубрење рибници;

5) на земјоделски и шумарски факултети и научноистражувачки и други установи што вршат опити со ѓубриња, на центри за курсеви и на училишта за оспособување кадри во земјоделството и шумарството — за количини потребни за земјоделско и шумарско производство во врска со изведување настава;

6) на земјоделски организации, како и на дуќани и земјоделски аптеки што се организирани како погони на земјоделски организации — за количини набавени за понатамошно продавање на купувачите од одредбите под 1 до 5 на оваа точка;

7) на стопански организации што се занимаваат со промет на вештачки ѓубриња — за количини набавени за понатамошно продавање на купувачите од одредбите под 1 до 5 на оваа точка.

2. Регресот се одобрува за 1 kg активна хранлива материја во следните износи, и тоа:

I. кај азотни ѓубриња од домашно производство, за 1 kg активна материја N во:

	Динари
1) калцијумамониум нитрат — „KAN" — — $NH_4NO_3SaSO_3$ — — — — — —	90
2) кациумцијанамид — $CaCN_2$ — — —	90
3) амониумсулфат — $(NH_4)_2SO_4$ — — —	90
4) амониумнитрат — NH_4NO_3 — — — —	90

II. кај фосфорни ѓубриња од домашно производство, за 1 kg активна хранлива материја P_2O_5 во:

1) суперфосфат — $Ca(H_2PO_4)_2$, за P_2O_5 растворливо во вода — — — — — —	77
2) хиперфосфат — мелен суров фосфат — $Ca_3(PO_4)$, CaF, за P_2O_5 растворливо во двопроцентна лимонска киселина — —	66
3) Пелофос за P_2O_5, растворливо во двопроцентна лимонска киселина — —	56

III. кај мешани ѓубриња од домашно производство, за 1 kg активна хранлива материја:

	Динари
N — — — — — — — — — — — —	90
P_2O_5 во суперфосфат, растворливо во вода	77
P_2O_5 во хиперфосфат, растворливо во двопроцентна лимонска киселина — — —	66
P_2O_5 во Пелофос, растворливо во двопроцентна лимонска киселина — — — —	56
K_2O — — — — — — — — — —	25

Регресот за 1 kg активна хранлива материја во одделни видови ѓубриња од ставот 1 на оваа точка се одобрува под услов продажната цена за 1 kg активна материја од сите видови на тие ѓубриња на купувачите од точката 1 на оваа одлука да им се намали за износот на регресот и да им се пресметува франко натоварено во вагон на железничката станица на производителот на вештачки ѓубриња, или франко натоварено во камион во фабрика, или франко натоварено во шлеп во пристаништето на фабриката.

3. За активна хранлива материја во вештачки ѓубриња од увоз се определуваат цените за купувачите од точката 1 на оваа одлука, за 1 kg, и тоа:

I. кај азотни ѓубриња, за 1 kg активна хранлива материја N во: Динари

1) калциумамониумнитрат — нитромонкал — $NH_4NO_3CaCO_3$ — — — — — —	185
2) амониумсулфат — $(NH_4)_2SO_4$ — — —	185
3) чилска шалитра — — — — —	185
4) варова шалитра — калциум нитрат $Ca(NO_3)_2$ — — — — — — — —	185
5) амониумнитрат — амонијачна шалитра NH_4NO_3 — — — — — — —	185
6) карбамид — $CO(NH_2)_2$ — — — — —	185

II. кај фосфорни ѓубриња, за 1 kg активна хранлива материја P_2O_5 во:

1) суперфосфат — — — — — — —	100
2) томасфосфат — — — — — — —	100
3) трипекс — — — — — — — —	100

III. кај калиумови ѓубриња, за 1 kg активна хранлива материја K_2O во:

1) калиумова сол — KCl — — — — —	65
2) калиумсулфат — K_2SO_4 — — — —	65

IV. кај комплексни ѓубриња, за 1 kg активна хранлива материја, и тоа за:

N — — — — — — — — — — — —	185
P_2O_5 — — — — — — — — — — —	100
K_2O — — — — — — — — — — —	65

Цените за ѓубриња од увоз се формираат врз основа на набавните цени франко југословенската граница или CIF југословенска лука и на сите други трошоци од границата односно луката до истоварната станица на купувачите од точката 1 на оваа одлука, освен трошоците за возарина.

Заради одобрување регрес на увозниците, пресметувањето на разликите го врши Југословенската земјоделска банка преку посебна сметка.

Позитивните разлики помеѓу набавната и определената продажна цена на вештачки ѓубриња од увоз од ставот 2 на оваа точка ги уплатуваат увозниците во корист на посебната сметка.

Ако позитивните разлики уплатени на посебна сметка не се доволни за покривање на негативните разлики утврдени со пресметката, негативните разлики на посебната сметка се покриваат од средствата предвидени во сојузниот буџет за исплата на регреси за вештачки ѓубриња.

4. За количините на увезени вештачки ѓубриња продадени и испорачани на купувачите од точката 1 на оваа одлука, разликата помеѓу определените цени од точката 3 став 1 на оваа одлука и признаените набавни цени по пресметката од точката 3 став 3 на оваа одлука ја остваруваат увозниците на начинот и под условите што ќе ги пропише сојузниот секретар за земјоделство и шумарство, во согласност со сојузниот секретар за финансии.

5. Стопанските организации што се занимаваат со промет на вештачки ѓубриња (точка 1 под 7) можат домашни и увезени вештачки ѓубриња купени по намалени цени да им продаваат само на купувачите од точката 1 под 1 до 5 на оваа одлука.

Рregресот односно разликата во цената за вештачки ѓубриња од точ. 2 и 3 на Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачки ѓубриња за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63, 1/64, 16/64 и 30/64) испорачани на купувачите од точката 1 под 1 до 8 на наведената одлука до денот на влегувањето во сила на оваа одлука се остварува според домашните прописи.

6. Сојузниот секретар за земјоделство и шумарство, во согласност со сојузниот секретар за финансии, ќе донесе поблиски прописи за постапката и условите за остварување на регресот според оваа одлука.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачки ѓубриња за потребите на земјоделството и шумарството.

8. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р. п. бр. 120
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

585.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПОСЕБЕН РЕГРЕС НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА КАЛЦИУМАМОНИУМ НИТРАТ ВО 1964 и 1965 ГОДИНА

1. Одлуката за одобрување посебен регрес на производителите на калциумамониум нитрат во 1964 и 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/64) престанува да важи.

2. За количините на калциумамониум нитрат „KAN" продадени и испорачани од 1 јануари 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, може да се оствари регрес според одлуката од точката 1 на оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 септември 1965 година.

Ако стопанските организации што се занимаваат со производство на калциумамониум нитрат „KAN" не поднесат барање до рокот од ставот 1 на оваа точка губат право на остварување регрес.

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 103
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

586.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ПРОДАДЕНИТЕ И ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ОГРЕВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ШИРОКАТА ПОТРОШУВАЧКА

1. Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63, 44/63 и 28/64) престанува да важи.

2. За количините на лигнит, мрк јаглен и брикет од мрк јаглен продадени до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, што ќе се испорачат до 30 септември 1965 година за потребите на широката потрошувачка, а до 30 ноември 1965 година за поплавените подрачја, може да се оствари регрес според одлуката од точката 1 на оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 октомври 1965 година, а за количини огревен материјал за поплавените подрачја — со поднесување барање до 20 декември 1965 године.

Ако корисник на регресот не поднесе барање до рокот од ставот 1 на оваа точка, губи право на остварување регрес.

3. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, сојузниот секретар за индустрија и трговија, во согласност со сојузниот секретар за финансии

4. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 94
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

587.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА НАРЕДБАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МОРСКОТО И ЕЗЕРСКОТО РИБАРСТВО

1. Наредбата за давање регрес при продажбата на индустриски производи за потребите на морското и езерското рибарство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/58) престанува да важи.

2. За индустриски производи за потребите на морското и езерското рибарство, купени и преземени од 1 јануари 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, може да се оствари регрес според наредбата од точката 1 на оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 септември 1965 година.

Корисници на регресот што не ќе поднесат барање за регрес до рокот од ставот 1 на оваа точка губат право на остварување регрес.

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р. п. бр. 95
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

588.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки од 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА СОИНА САЧМА И СОИНИ ПОГАЧИ

1. Одлуката за давање регрес за соина сачма и соини погачи („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/64 и 44/64) престанува да важи.

2. За количини соини сачми и соини погачи, продадени и испорачани од 1 јануари 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, може да се оствари регрес според одлуката од точката 1 на оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 септември 1965 година.

Ако стопански организации што се занимаваат со производство на маслодајки (фабрики за масло) не поднесат барање за регрес во рокот од ставот 1 на оваа точка, губат право на остварување регрес.

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р. п. бр. 96
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

589.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО

1. Одлуката за давање регрес при продажбата на опрема за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64 и 45/64) престанува да важи.

2. За опрема за потребите на земјоделството и шумарството продадена и испорачана од 1 јануари 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, може да се оствари регрес според одлуката од точката 1 на оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 септември 1965 година.

Стопански организации што се занимаваат со производство на опрема (фабрики) што не ќе поднесат барање за регрес до рокот од ставот 1 на оваа точка, губат право на остварување регрес.

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р. п. бр. 97
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

590.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65) и точката 3 од Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за давање регрес во областа на индустријата („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗГОЛЕМЕНИТЕ ТРОШОЦИ НА ПОМОРСКИОТ ПРЕВОЗ НА ЈАГЛЕН ЗА КОКСИРАЊЕ ВО 1965 ГОДИНА

1. Од средствата доделени на Сојузниот буџет за 1965 година со Одлуката за доделување средства од стопанските резерви на федерацијата за давање регрес во областа на индустријата („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/65) му се одобрува на Коксно-хемискиот комбинат, во Лукавац, регрес за покривање на зголемените трошоци на поморскиот превоз на јаглен за коксирање од САД.

2. За јаглен за коксирање што коксарата го увезува за потребите на производството на кокс во 1965 година од САД се одобрува регрес во височина на разликата помеѓу цената на поморскиот превоз од 3.165 динари и фактично платениот износ на поморска возарина по една тона јаглен за коксирање.

Регресот од ставот 1 на оваа точка ќе ѝ се исплатува на коксарата на оние количини јаглен за коксирање што се употребени за производство на кокс до 26 јули 1965 година.

Вкупните исплати на регресот од ставот 1 на оваа точка не можат да го надминат износот од 550 милиони динари за количина од најмногу 540.000 тона јаглен за коксирање.

3. Барање за регрес се поднесува најдоцна до 30 ноември 1965 година

4. Сојузниот секретар за индустрија и трговија, во согласност со сојузниот секретар за финансии, ќе донесе поблиски прописи за начинот, постапката и условите за остварување на регресот според оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 90
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

591.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ПОПРАВКИ НА РИБАРСКИ БРОДОВИ И КОЧАРИ

1. Одлуката за давање регрес за поправки на рибарски бродови и кочари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/59) престанува да важи.

2. За извршени поправки на рибарски бродови и кочари, како и за рибарски бродови и кочари преземени на поправка од 1 јануари 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, може да се оствари регрес според одлуката од точката 1 на

оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 септември 1965 година.

Претпријатија за бродоградба, претпријатија што имаат посебно регистрирани погони за поправка на рибарски бродови и кочари и занаетчиски претпријатија на кои им е признаено право да вршат поправка на рибарски бродови и кочари со регрес, што не ќе поднесат барање за регрес до рокот од ставот 1 на оваа точка губат право на остварување регрес.

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 98
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

592.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС НА РУДНИКОТ И ЖЕЛЕЗАРНИЦАТА ВО ВАРЕШ ЗА 1964 И 1965 ГОДИНА

1. Одлуката за давање регрес на Рудникот и железарницата во Вареш за 1964 и 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/65) престанува да важи.

2. За количини железна руда продадени и испорачани до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, може да се оствари регрес според одлуката од точката 1 на оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 септември 1965 година.

Ако Рудникот и железарницата во Вареш не поднесе барање до рокот од ставот 1 на оваа точка, го губи правото на остварување регрес.

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 100
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

593.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЛАТКОВОДНОТО РИБАРСТВО

1. Одлуката за давање регрес при продажбата на индустриски производи за потребите на слатководното рибарство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/59) престанува да важи

2. За индустриски производи за потребите на слатководното рибарство, купени и преземени од 1 јануари 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука може да се оствари регрес според одлуката од точката 1 на оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 септември 1965 година.

Корисници на регресот што не ќе поднесат барање за регрес до рокот од ставот 1 на оваа точка, губат право на остварување регрес.

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 102
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

594.

Врз основа на членот 64 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65, 15/65, 19/65, 20/65, 29/65 и 33/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ГОРИВО И МАЗИВО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РИБАРСТВОТО

1. Одлуката за давање грегрес при продажбата на гориво и мазиво за потребите на рибарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64) престанува да важи.

2. За гориво и мазиво за потребите на рибарството, продадено и испорачано од 1 јануари 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука може да се оствари регрес според одлуката од точката 1 на оваа одлука со поднесување барање за регрес најдоцна до 30 септември 1965 година.

Стопански организации што се занимаваат со промет на нафта и нафтени деривати, кои не поднесат барање за регрес до рокот од ставот 1 на оваа точка губат право на остварување регрес.

3. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 99
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

595.

Врз основа на членот 15 став 1 од Законот за сојузниот буџет за 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕМИИ ЗА КРАВЈО МЛЕКО ВО 1965 ГОДИНА

1. На работните организации што произведуваат кравјо млеко (во понатамошниот текст: корисниците на премијата) им се исплатува премија:

1) во износ од 30 динари за еден литар кравјо млеко од сопствено производство;

2) во износ од 10 динари за еден литар кравјо млеко произведено во кооперација со индивидуални производители.

Премиите од ставот 1 на оваа точка се исплатуваат за кравјо млеко што корисниците на премијата од 1 јуни до 31 декември 1965 година ќе им го продадат и испорачат на работни организации што се занимаваат со промет или преработка на млеко и на други организации и установи, како и за кравјо млеко што корисниците на премијата во тој рок ќе го преработат во своите погони односно преку свои погони или продавници ќе им ги продадат на непосредни потрошувачи.

Премиите од ставот 1 на оваа точка се исплатуваат под услов купувачот односно погонот или продавницата на корисникот на премијата да оствари премија од 10 динари по 1 килограм кравјо млеко што ја обезбедува републиката и на корисниците на премијата да им е платено млекото по цена која не е пониска од пропишаната минимална откупна цена.

2. Премијата од точката 1 став 1 под 1 на оваа одлука им се исплатува само на оние корисници на премијата што за сопствено производство на кравјо млеко вовело матично книговодство и селекција и контрола на продуктивноста на кравите молзници.

Премијата од точката 1 став 1 под 2 на оваа одлука им се исплатува на корисниците на премијата кои со индивидуални производители склучиле договор за производство и испорака на кравјо млеко, а од 1 декември 1965 година само на оние корисници на премијата кои за производство на млеко во кооперација воведе во матичното книговодство, селекција и контрола на продуктивноста на кравите молзници на кооперантите.

Премијата од точката 1 на оваа одлука од 15 декември 1965 година ќе им се исплатува само на оние корисници на премија што произведуваат млеко од определен стандард.

3. Премиите од точката 1 став 1 на оваа одлука се исплатуваат од средствата на Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство, распоредени во сојузниот буџет за 1965 година за интервенции во стопанството.

Сојузниот секретар за земјоделство и шумарство ќе донесе поблиски прописи за тоа кои стандарди мора да исполнува произведено млеко за да може на корисниците да им се исплати премија.

4. За количини кравјо млеко, продадени и испорачани од 1 јануари до 31 мај 1965 година може да се оствари премија според Одлуката за определување премија за кравјо млеко во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/65) со поднесување барање за премија најдоцна до 31 август 1965 година.

Корисници на премии што не ќе поднесат барање за премија во рокот од ставот 1 на оваа точка го губат правото на остварување премија.

За количини кравјо млеко, продадени и испорачани од 1 јуни 1965 година до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, корисниците на премијата можат да ја остварат премијата според оваа одлука без оглед на височината на откупната цена на млекото.

5. Поблиски услови и постапка за остварување на премиите според оваа одлука ќе пропишува сојузниот секретар за земјоделство и шумарство, во согласност со сојузниот секретар за финансии.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување премии за кравјо млеко во 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/65).

7. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р. п. бр. 113
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Председател,
Петар Стамболиќ, с. р.

596.

Врз основа на членот 15 став 1 од Законот за сојузниот буџет за 1965 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕМИИ ЗА МЕСЕСТИ СВИЊИ ВО 1965 ГОДИНА

1. На работните организации што произведуваат или гојат месести свињи сами или во кооперација со индивидуални земјоделски производители (во понатамошниот текст: организациите) им се исплатува премија за:

	Дин/кг
1) свињи за бекон што ги исполнуваат условите пропишани со југословенскиот стандард — Свињи за бекон JUS E.C1.011 — —	45
2) прима месести и месести свињи што ги исполнуваат условите пропишани со југословенскиот стандард — Свињи за колење JUS E.C1.020 — — — — — — — — — —	45

2. Премиите од точката 1 на оваа одлука се плаќаат за 1 кг свињи жива мера, чија тежина се утврдува по истекот на 12 часа од последното хранење.

3. Премиите од точката 1 на оваа одлука се исплатуваат за сите количини соодветни категории и квалитети свињи од точката 1 на оваа одлука, што организациите ќе им ги продадат и испорачат до 31 декември 1965 година на стопански организации што се занимаваат со преработка или промет на добиток и на производи од добиток, како и за сите количини што организациите ќе ги преработат во своите погони.

Премиите не се исплатуваат за свињи што се извезуваат живи.

4. Организациите што месести свињи произведуваат или гојат во кооперација со индивидуални земјоделски производители, се должни во својот деловен фонд да внесат најмалку 50% од износот на премиите што ги остариле за свињи произведени во кооперација со индивидуални земјоделски производители.

5. Премиите од точката 1 на оваа одлука се исплатуваат од средствата на Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство распоредени во сојузниот буџет за 1965 година за интервенции во стопанството.

6. Сојузниот секретар за земјоделство и шумарство, во согласност со сојузниот секретар за финансии и со сојузниот секретар за индустрија и трговија, ќе донесе, по потреба, поблиски прописи за начинот, постапката и условите за остварување на премиите за тоа кои организации имаат право на премии, како и за кој добиток можат да се исплатуваат премии според оваа одлука.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување премии за добиток во 1965 година (Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65).

8. Оваа одлука влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р.п. бр. 105
16 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

597.

Врз основа на членот 69 став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62 и 10/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63) во врска со членот 1 од Законот за прометот на стоки и вршењето на трговски услуги („Службени лист на СФРЈ", бр. 16/65) и со членот 28 став 1 од Уредбата за начинот на формирање на цените и за пресметување на разликата во цените, сојузниот секретар за индустрија и трговија издава

НАРЕДБА

ЗА МАРЖИТЕ ВО ПРОМЕТОТ НА СТОКИ НА ГОЛЕМО И МАЛО

1. Трговската стопанска организација ги покрива трошоците на трговијата во прометот на производи за кои не се пропишани продажни цени од разликата во цената (маржа) што ја засметува во височина утврдена според одредбите на оваа наредба, ако со посебни прописи не е определено поинаку.

2. Трговската стопанска организација може да засметува маржа во прометот на индустриски производи по стопи што не можат да бидат поголеми од стопите што ги применувала во своето работење во текот на 1964 година или во текот на I тримесечје на 1965 година.

Во рамките на маржата од ставот 1 на оваа точка трговската стопанска организација ја утврдува маржата за одделни производи или групи производи.

3. Во прометот на земјоделски прехранбени производи трговска стопанска организација засметува маржа што ја определува собранието на општината на чија територија се наоѓа продавница, склад или друга единица што врши промет на тие производи.

До определувањето на маржата според ставот 1 на оваа точка, трговска стопанска организација може да засметува маржа до височината до која ја засметувала маржата до 22 март 1965 година.

4. Ако продава производи по цените што ги определува производител, трговската стопанска организација ги покрива трошоците на трговијата од договорените рабати.

Како рабат се подразбираат и вообичаени попусти (супер-рабати и сл.), како и дополнителни одобрувања на купувач (каса-шконто и сл.).

Ако производите од ставот 1 на оваа точка се наоѓаат под контрола на цените, таа контрола се врши по постапка пропишана за контрола на цените во производителските организации.

5. Стопата на маржата за производи што не ги продавала пред влегувањето во сила на оваа наредба, трговската стопанска организација ја утврдува до височината на стопата што според одредбите на оваа наредба ја утврдила за слични или сродни производи.

6. Новооснована трговска стопанска организација ја засметува маржата по стопите што ќе ги определи општинското собрание.

При определување на маржите од ставот 1 на оваа точка, општинското собрание ќе ги земе предвид маржите што другите трговски стопански организации, кои работат под приближно еднакви услови, ги применуваат во продажба на исти или слични производи.

7. Маржата не содржи данок на промет на стоки на мало.

Ако пред влегувањето во сила на оваа наредба, општински данок на промет на стоки на мало бил содржан во маржата, при утврдување на новата маржа според одредбите од оваа наредба трговската стопанска организација ќе го одбие тој данок.

8. Стопите на маржите што трговската стопанска организација ги утврдила според одредбите на оваа наредба, не можат да се зголемуваат.

9. Маржата се засметува на набавната цена на производите.

Како набавна цена, во смисла на одредбите од оваа наредба, се подразбира фактурна цена зголемена за зависните трошоци.

Како фактурна цена се подразбира износ засметан во фактура на добавувач без одбивање вообичаените попусти и дополнителни одобрувања (точка 4).

Како зависни трошоци се подразбираат трошоци за натовар и истовар, трошоци за транспорт од склад на добавувач до склад на купувач, осигурување на стоки во транспорт, транспортно кало, кршење и расипување на стоки и посебни трошоци за пакување и транспорт на стоки (зимско пакување, враќање на амбалажа и сл.).

10. Стопите на маржи определени со посебни сојузни прописи донесени пред влегувањето во сила на оваа наредба остануваат во сила и се применуваат на набавната цена.

Стопите на маржи во прометот на големо на жито, производи од жито и шеќер определени со републички прописи остануваат во сила и се применуваат во прометот на големо на тие производи.

Ако цените на производите од ставот 2 на оваа точка се ставени под општествена контрола на цените со републички прописи донесени пред 22 март 1965 година, трговските стопански организации во односните републики ќе засметуваат во прометот на тие производи маржа по стопа што ја засметуваше пред 22 март 1965 година.

11. Трговска стопанска организација во прометот на нафтени деривати засметува маржа, и тоа:

	Дин/kg
1) за моторен бензин од 76 октани — — —	13,80
2) за моторен бензин од 86 октани — — —	14,80
3) за моторен бензин од 93 октани — — —	16,80
4) за моторен бензин од 98 октани — — —	18,80
5) за плинско масло D_1 — — — — —	8,80
6) за плинско масло D_2 — — — — —	7,80
7) за плинско масло D_3 — — — — —	6,80
8) за петрол за мотори — — — — — —	5,80
9) за авионски и моторни масла — — —	32
10) за петрол за осветление — — — —	постојна пропишана маржа;
11) за други нафтени деривати — — —	постојна маржа, а најмногу до 13,7% од набавната цена.

12. Трговските стопански организации се должни најдоцна во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба, да му достават на општинскиот орган на пазарната инспекција податоци за височината на маржите утврдени според одредбите на оваа наредба, со објаснение врз основа на кои податоци и елементи (калкулации, фактури и др.) се утврдени маржите.

13. Одредбите од оваа наредба се однесуваат и на промет на производи што го вршат продавници, складови и други единици во состав на производителски и други работни организации, како и на продавници и други единици за продажба на стоки основани од други организации.

14. Оваа наредба влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Бр. 2812/1
23 јули 1965 година
Белград

Сојузен секретар
за индустрија и трговија,
Хакија Поздерац, с. р.

598.

Врз основа на членот 28 став 2 од Уредбата за начинот на формирање на цените и за пресметување на разликата во цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/65), во согласност со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за индустрија и трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ПОПИШУВАЊЕ НА СТОКИТЕ И ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ВО ТРГОВСКИТЕ, ПРОИЗВОДИТЕЛСКИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Пописот на залихите на стоки, суровини, материјали, полупроизводи и готови производи и пресметувањето на разликите во цените за тие производи определени со Уредбата за начинот на формирање на цените и за пресметување на разликите во цените (во понатамошниот текст: Уредбата) се вршат според одредбите од оваа наредба.

Пописот од ставот 1 на оваа точка се врши според состојбата на залихите на 25 јули 1965 година.

1. Попис на стоките и пресметување на разликата во цените во трговијата

2. Трговските стопански организации се должни да извршат попис на залихите на стоки, освен залихите на овошје, зеленчук, леб, печиво, млеко, свежо месо, живина и јајца.

3. Пописот на залихите на стоки од точката 2 на оваа наредба го вршат сите трговски стопански организации што вршат промет на стоки на големо и мало во земјата, надворешнотрговските претпријатија, земјоделските задруги, занаетчиските набавно-продажни задруги и други работни организации што вршат промет на стоки, како и Дирекцијата за исхрана и Дирекцијата за суровини.

Пописот од ставот 1 на оваа точка го вршат и продавниците, складовите и други единици во состав на производителски и други работни организации, како и продавници и други единици за продажба на стоки основани од други организации.

4. Пописот на залихите на стоки се врши по постојните продажни цени.

Како постојна продажна цена, во смисла на ставот 1 од оваа точка, се подразбира продажната цена по која трговската стопанска организација вршела продажба на стоки пред 25 јули 1965 година, намалена за износот на укалкулираниот општински данок на промет на стоки на мало.

5. Пописот на залихите на стоки ќе го извршат пописните комисии што се формираат согласно со одредбата на членот 22 од Уредбата.

6. Пописот на залихите на стоки трговските стопански организации го вршат по пат на мерење односно броење.

Ако состојбата на стоките на залихи може на несомнен начин да се утврди од книговодствената евиденција, не мора да се врши попис со мерење односно броење, туку податоците за состојбата на залихите на стоки можат да се земат од таа евиденција. Ако налозите за прием или издавање на стоки не се проknижени, при утврдувањето на состојбата на залихите на стоки на овој начин, ќе се земат предвид и сите такви налози издадени до 25 јули 1965 година.

7. Податоците за пописот се внесуваат во пописната листа.

Пописната листа мора да ги содржи следните податоци:

1) назив на производот;

2) единица мера;

3) попишани количини на стоки;

4) постојна продажна цена за единица производ;

5) износ на општинскиот данок на промет на стоки на мало, содржан во постојната продажна цена за единица производ;

6) вкупен износ на вредноста на попишаните стоки пресметан по постојните продажни цени;

7) нова продажна цена, без данокот на промет на стоки на мало;

8) разлика во цената помеѓу постојната продажна цена без општинскиот данок на промет на стоки на мало и новата продажна цена, без данокот на промет на стоки на мало;

9) нова продажна цена со данок на промет на стоки на мало.

Пописната листа може да содржи и други податоци што ќе ги определи трговската стопанска организација.

8. Пописната листа се составува најмалку во три примероци од кои еден ѝ се доставува на основната организациона единица на Службата на општественото книговодство, вториот — на општинската пазарна инспекција, а другите примероци остануваат кај трговската стопанска организација.

Пописната листа ја потпишуваат сите членови на пописната комисија.

9. Ако трговската стопанска организација, согласно со одредбите на Уредбата, ги зголеми или намали продажните цени на попишаните производи, та ја утврдува разликата помеѓу новите продажни цени без данокот на промет на стоки на мало и постоните продажни цени без општинскиот данок на промет на стоки на мало.

10. Разликата во цената од точката 9 на оваа наредба трговската стопанска организација ја книжи во своето книговодство на соодветното конто од групата 29.

По истекот на пресметковниот период трговската стопанска организација е должна остварената позитивна разлика во цената да ја внесе во својот деловен фонд, а негативната разлика во цената може да ја покрие од својот резервен фонд.

2. Посебни одредби за попишување тутунски преработки, нафтени деривати и лекови и пресметување на разликата во цената за тие производи

11. Трговските стопански организации што вршат промет на големо на тутунски преработки, лекови и нафтени деривати ќе извршат попис на залихите на тие производи по набавните цени.

Одредбата на ставот 1 од оваа точка се однесува и на складовите на производителските стопански организации.

Стопанските и други работни организации што вршат продажба на мало и другите продавачи на мало на тутунски преработки и нафтени деривати ќе извршат попис на тие производи по продажните цени.

Одредбата на ставот 3 од оваа точка се однесува и на трговските стопански организации на големо и производителските стопански организации во поглед на залихите на тутунски преработки и нафтени деривати што се наоѓаат во нивните продавници и во други единици што вршат промет на тие производи на мало.

12. Позитивната разлика во цената за тутунски преработки и нафтени деривати попишани во продажба на мало (точка 11 ст. 3 и 4) се уплатува според одредбите на членот 20 од Уредбата на сметката на разликата во цената на тутунските преработки и нафтените деривати бр. 841-96 кај Службата на општественото книговодство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

13. Негативната разлика во цената за попишани тутунски преработки, нафтени деривати и лекови во прометот на големо (точка 11 ст. 1 и 2) се наплатува од сметката на разликата во цената на тутунските преработки, лековите и нафтените деривати бр. 841-96 кај Службата на општественото книговодство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

Разликите во цените на производите од ставот 1 на оваа точка изнесуваат и тоа:

1) за цигари за кои за 20 парчиња постојната продажна цена изнесува:

	Динари
а) 130	68
б) 110	55
в) 100	50
г) 90	40
д) 80	37
ѓ) 60	25
е) 55	24
2) за цигари екстра квалитет за 20 парчиња	86
3) за цигари од сите видови по парче	3
4) за нафтени деривати за 1 kg:	
а) моторен бензин од:	
76 октани	29
86 октани	36
93 до 96 октани	36
98 октани	30
б) плинско масло, дизел гориво:	
D 1	21
D 2	16
D 3	14
в) бензин за бои и лакови (вајт шпирит)	34
г) моторен петрол	11
д) петрол за осветление	61
ѓ) моторно масло	103

5) за лекови 10% од постојната набавна цена на трговско претпријатие за промет на лекови на големо.

14. Ако иста стопанска или друга организација од точката 11 на оваа наредба истовремено има и негативна и позитивна разлика во цената за тутунски преработки и нафтени деривати, ќе изврши пребивање помеѓу вкупниот износ на позитивната разлика и вкупниот износ на негативната разлика, а остатокот ќе го уплати во корист на сметката на разликата во цената на тутунските преработки, лековите и нафтените деривати бр. 841—96 кај Службата на општественото книговодство, односно ќе го наплати од таа сметка.

15. Пресметката извршена според точ. 12 до 14 од оваа наредба, стопанската организација е должна да ѝ ја достави со потребните податоци на Службата на општественото книговодство во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

16. Стопанската организација може да бара од Службата на општественото книговодство негативната разлика според точката 13 и негативниот остаток на разликата по пресметката од точката 14 на оваа наредба да ѝ се признае како аконтација на текуштата обврска за плаќање на сојузен данок на промет на стоки на мало.

3. Попис и пресметување на разликата во цените во производство

17. Пописот на суровините, материјалите, полупроизводите и готовите производи стопанските организации од чл. 24 и 26 на Уредбата го вршат според книговодствената состојба на 25 јули 1965 година. Ако налозите за прием или издавање на суровини, материјали, полупроизводи и готови производи не се проknижени, стопанската организација е должна да ги земе предвид и сите такви налози издадени до 25 јули 1965 година.

Пописот на суровините и материјалите во недовршено производство се врши според одредбите на точката XV од Упатството за спроведување на пописот (инвентарисањето) кај стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 53/56, 50/59, 49/60 и 50/61 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 26/64).

18. Разликата во цената помеѓу постојната набавна цена на суровините и материјалите на залихи и во недовршено производство и новата набавна цена се книжи во книговодството на стопанската организација на соодветното конто во групата 29.

Како нова набавна цена во смисла на одредбата на ставот 1 од оваа точка се подразбира цена што стопанската организација ќе ја утврди во границите на нивото на цените определено со одредбите од Уредбата и прописите донесени врз основа на неа.

19. Разликата во цената помеѓу постојната продажна цена на готовите производи и полупроизводите на залихи и новата продажна цена се книжи во книговодството на стопанската организација на соодветното конто во групата 29.

Како постојна продажна цена на полупроизводите од сопствено производство се подразбира цена по која стопанската организација вршела продажба на тие производи пред влегувањето во сила на оваа наредба.

Ако стопанската организација пред влегувањето во сила на оваа наредба не вршела продажба на полупроизводи, туку полупроизводите ги употребувала во својот процес на производството, како постојна продажна цена се подразбира цена по која е вршено пресметување во интерната реализација.

Како постојна продажна цена на готови производи се подразбира продажна цена на производи со укалкулиран данок на промет, а за тутунски преработки и нафтени деривати — продажна цена на тие производи, без укалкулиран данок на промет.

Како нова продажна цена на готови производи од ставот 1 на оваа точка се подразбира цена што стопанската организација ќе ја постигне на пазарот по влегувањето во сила на оваа наредба, а до нивото на цените определено со одредбите на уредбата и прописите донесени врз основа на неа.

20. По истекот на пресметковниот период стопанската организација е должна остварената позитивна разлика во цената од точ. 18 и 19 на оваа наредба да ја внесе во својот деловен фонд.

4. Преодни и завршни одредби

21. Натоварени и отпремени количини стоки, суровини, материјали, полупроизводи и готови производи не се земаат предвид при пописот туку се сметаат како стока на пат што купувачот е должен да ја попише дополнително.

22. Оваа наредба влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Бр. 2876/1
24 јули 1965 година
Белград

Сојузен секретар
за индустрија и трговија,
Хакија Поздерац, с. р.

599.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за начинот на формирање на цените и за пресметување на разликата во цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/65), Сојузниот завод за цени издава

НАРЕДБА
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во границите на нивото на цените од членот 2 од Уредбата за начинот на формирање на цените и за пресметување на разликата во цените (во понатамошниот текст: Уредбата), производителските стопански организации можат да ги зголемуваат своите продажни цени што постоеле до денот на стапувањето во сила на Уредбата за следните индустриски производи до следното ниво:

1) јаглен (камен, мрк, лигнит):	
а) крупен	15%
б) ситен	10%
	Дин/т
2) металуршки кокс	35 000
3) ситен кокс	30.000
4) леачки кокс	43.500
5) железна руда:	
а) сидерит (32% Fe, 3% Mn, 15% SiO_2 и 7% влага)	4.500
b) сидерит 40% Fe, 2% Mn, 8% SiO_2 4% влага)	7.385

	Дин/т
в) лимонит 48% Fe, 2% Mn, 11% SiO_2 и 13% влага) — — — — —	8.325
г) лимонит (31,2% Fe, 1,5% Mn 16,5% CaO, 5% SiO_2 и 7,5% влага) —	8.085

Доплатоците и одбивките поради отстапувања во квалитетот се пресметуваат на досегашниот начин;

б) полупроизводи — сурови:

	Дин/т
б) бело сурово железо од II класа —	85.000 (основна цена)
б) сиво сурово железо — — — —	84.900

Начинот на утврдувањето на цените за сурово железо на другите класи и квалитети ќе го утврди Сојузниот завод за цени.

	Дин/т
в) суров челик — — — — —	95.000
7) топло валани полупроизводи (JUS C. B2.021):	
а) блумови — — — — — — —	98.000
б) гредички — — — — — — —	101.500
в) платини — — — — — — —	109.900
8) топло валани готови производи:	
а) железнички шини (JUS 49, JUS 45a, JUS 35 и JUS 32) — — —	152.900
б) индустриски шини — — — —	144.400
в) колосечен прибор — — — —	179.200
г) профилирани челици (фазонски и носачи — JUS C. B3.101-141)	121.900
д) широк плоскаест челик (ламели) (JUS C. B3.030) — — — — —	132.600
ѓ) шипкаест челик (JUS C. B3.021-026)	120.700
е) бетонски челик (JUS C. K6.020)	119.500
ж) лентаест челик (JUS C. Б3.550)	130.200
з) валана жица — — — — — —	124.200
ѕ) груби лимови (JUS C. Б4.110)	136.200
и) средни лимови (JUS C. B4.111)	137.400
ј) тенки лимови (JUS C. B4.051) —	158.900
к) декапирани лимови (JUS C. B4.052)	167.300
л) поцинкувани лимови (JUS C. B4.081) — — — — —	200.700
љ) бешавни цевки:	
— над 3" (JUS C. B5.020) — —	234.300
— до 3" JUS C.B5.020) — — —	252.500
— специјални (котелски, ладно влечени и за нафта) — — —	269.700
9) производи на ладна преработка:	
а) ладновалани ленти (JUS C. B3.521)	188.800
б) бел лим — — — — — — —	258.100
в) влечена жица (JUS C. B6.010) —	148.200
г) влечени, брушени и лупени челици (JUS C. B3.411 — 441) —	176.800
10) други производи:	
а) динамо и трафо лимови — —	36%
б) благородни челици (високојаглеснични и легирани) — — — —	36%
в) заварени цевки — — — — —	32%
г) валани бандажи — — — —	41%
д) колски слогови — — — — —	41%

Цените за топло валани полупроизводи, топло валани готови производи, производи на ладна преработка, динамо и трафо лимовите и благородните челици, важат како основни цени. На овие основни цени се засместуваат доплатоци според тарифата на доплатоците што ја потврдува Сојузниот завод за цени.

	Дин/т
11) старо железо од I вид — — —	27.000

Начинот на формирање на цените за другите видови и квалитети на старо железо ќе го утврди Сојузниот завод за цени

	Дин/т
12) концентрат на пирит 48% S — —	10.800
13 концентрат на олово (содржина 73% PB) — — — — — — — —	188.000
14) концентрат на цинк (содржина 50% Zn) — — — — — — —	91.200
15) бизмут — — — — — — —	50%
16) антимон — — — — — — —	10%
17) жива — — — — — — — —	75%
18) сребро — — — — — — —	62%
19) бакар JUS C. D1.002:	
а) електролитен високопроводен бакар, минимум 99,90% Cu — —	1,080.000
б) топилнички високопроводен бакар, минимум 99,90% Cu — —	1,050.000
в) топилнички бакар, минимум 99,25% Cu — — — — — —	950.000
г) валавнички гредички за шипки и жица — — — — — —	1,115.000
д) валана жица — — — — —	1,170.000
20) олово:	
а) рафинирано (квалитет 99,97% Pb)	324.000
б) рафинирано (квалитет 99,99% Pb)	330.000
21) топилнички цинк:	
а) суров 97,5% — — — — —	360.000
б) рафиниран 98,5% — — — —	370.000
в) фин 99,7% — — — — — —	380.000
22) електролитен цинк:	
а) висококвалитетен од класата Б	380.000
б) висококвалитетен од класата А	385.000
в) специјален висококвалитетен 99,99% — — — — — — —	390.000
23) цинк прав (92 до 94% Zn) — — —	440.000
24) алуминиум (99,5 до 99,7% Al) —	564.000
а) доплатоци и одбивки за квалитет:	
— за Al под 99,5% се одбива —	4.800
— за Al од 99,7% до 99,8% се додава — — — — — —	8.400
— за Al од 99,8% до 99,85% се додава — — — — — —	12.000
— за Al над 99,85% се додава —	18.000
б) доплатоци за валавнички формати:	
— за Al кекси се додава — —	12.000
— за Al легирани кекси се додава — — — — — —	30.000
— за Al трупци се додава — —	18.000
— за Al легирани трупци се додава — — — — — —	30.000
25) леарнички легури на алуминиум	18%

За другите валани, влечени, пресувани производи од обоени метали и од нивни легури зголемувањето на цените ќе го одобри Сојузниот завод за цени, на барање на производителските стопански организации.

Продажните цени за стари (секундарни) обоени метали и нивните легури можат да изнесуваат најмногу до 65% од цената за соодветните нови (примарни) обоени метали и нивни легури. Сојузниот завод за цени ќе го утврди начинот на формирањето на цените за одделни видови и квалитети на стари обоени метали и нивни легури.

26) сурова глина — — — — — —	27%
27) каолин во парчиња, „Чрна" — —	12%
28) палена глина — — — — — —	14%
29) сингер магнезит — — — — —	53%
30) магнезитни тули — — — — —	38%
31) хроммагнезитни тули — — — —	53%
32) хемиски врзани и со лим обложени тули — — — — — — —	47%
33) шамотни материјали (тули, малтери и брашна и сл) — — — — —	52%
34) садови од порцулан — — — —	15%
35) санитарна и градежна керамика —	5%
36) електропорцулан — — — — —	10%
37) одлевци, освен валавничките и леарнички полуфабрикати од обоени метали и нивни легури — — —	10%
38) арматури, гибњеви и опруги, тркалечки лежишта, свитливи цевки, галови синџири, челични јажиња, утензилии од метал — — — —	5%

39) камиони:
- а) до 2 тони носивост — 3%
- б) над 2 тони носивост — 8%

40) ротациони машини, освен микромотори:
- а) до 1,6 kW — 15%
- б) други — 10%

41) производи на кабелската индустрија:
- а) енергетски кабели изолирани со хартија — 18%
- б) телекомуникациони кабели изолирани со хартија — 14%
- в) коаксијални кабели — 20%
- г) PVC кабели — 18%
- д) со гума изолирани кабели — 22%
- ѓ) гумени проводници — 14%
- е) жица за навиткување — 24%
- ж) изолир лента — 15%

42) сулфурна киселина — 28%
43) азотна киселина 98% — 22%
44) солна киселина — 5%
45) каустична сода:
- а) цврста — 24%
- б) електролитна — 16%

46) калцинирана сода — 19%
47) калциум карбид — 22%
48) водород пероксид — 4%
49) натриум силикат — 15%
50) калијум силикат — 5%
51) оловен оксид — 16%
52) цинков оксид — 24%
53) литопон — 4%
54) син камен — 15%
55) вештачки ѓубриња:
- а) амонитрат 34,50% — 20%
- б) фосфорни ѓубриња — 21%
- в) KAN — 20%
- г) калциум цијанамид — 48%
- д) амонсулфат — 35%
- ѓ) мешани ѓубриња — 35%

56) вискозни влакна — 16%
57) сапуни — 30%
58) детергенти — 20%
59) додецил-бензолсулфонат — 25%
60) диететски препарати

наголемувањето на цените ќе го одобри Сојузниот завод за цени, на барање од производителските стопански организации

61) ацетатна целулоза — 27%
62) целулоид — 19%
63) карбоксиметил целулоза — 16%
64) нитроцелулоза — 10%
65) трупци за фурнир: Дин/м³
- а) ели и смреки — 43.000
- б) буки — 30.000
- в) јавор и брест — 54.400
- г) јасен — 58.000
- д) даб на 65 цм дебелина:
  - — фина структура — 117.000
